ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

Самоевалуација
на ООУ„Јоаким Крчовски“ Крива Паланка
За период 2020-2022 год.

Датум,
Август, 2022 г.

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

И З В Е Ш Т А Ј ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО	
УЧИЛИШТЕ	ООУ„Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
Адреса	Ул. ,, Свети Јоаким Осоговски“ бр.139 Крива Паланка
Контакт податоци (тел., факс, е-маил)	Тел/факс (031) 375-132 e-mail :oujoakimkrcovski @yahoo.com;
Број на ученици во училиште	Во училиштето настава посетуваат 825 ученици
Број на подрачни училишта	8 и тоа: с.Дурачка Река, с.Узем, с.Жидилово, с.Огут, с.Нерав, с.Луке, с.Подржикоњ и с.Дубровница
УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР	
Име и презиме	Дане Петровски
Потпис	
Одобрено од УО	Одржан состанок на ден 28. 9. 2022 год. Записник со дел.бр. 02-399/3 од 28.9. 2022 г.
Име и презиме	Марија Смиљков
Потпис	

Содржина:

ВОВЕД.....**Error! Bookmark not defined.**

1. ПОДРАЧЈЕ БР.1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ .....**Error! Bookmark not defined.**
2. ПОДРАЧЈЕ БР. 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ .....**Error! Bookmark not defined.**
3. ПОДРАЧЈЕ БР. 3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА.....**Error! Bookmark not defined.**
4. ПОДРАЧЈЕ БР.4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ .....**Error! Bookmark not defined.**
5. ПОДРАЧЈЕ БР.5 УЧИЛИШНА КЛИМА.....**Error! Bookmark not defined.**
6. ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ .....**Error! Bookmark not defined.**
7. ПОДРАЧЈЕ БР.7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА .....**Error! Bookmark not defined.**

Писателот Џон Гарднер рекол:

„Поголемиот дел од слабите организации развиваат функционално слепило за сопствените недостатоци.

Не страдаат поради тоа што не можат да ги решат своите проблеми, туку поради тоа што не можат да ги видат своите проблеми.“

ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

ВОВЕД

Според член 129, став 2, од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5 август 2019), на секои две години училиштето врши самоевалуација на крајот на учебната година. Извршена е Самоевалуација за работата на ООУ „Јоаким Крчовски“, за периодот од 2020 година до 2022 година, од страна на Тимот за изготвување на Самоевалуација за работата во училиштето. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, и со Индикатори за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите подрачја на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Што е самоевалуација?

Самоевалуација на училиште е процес на системско и континуирано следење, анализирање и вреднување на остварената со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што можеме да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања се темелат на објективни и релевантни податоци, како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

Самоевалуацијата е партиципативен процес што овозможува на училиштето да се осврне на своето досегашно работење и да погледне кон иднината. Таа во себе вклучува промена и подобрување, постапно или трансформациско и се заснова врз професионален осврт на квалитетот на работата на училиштето, предизвик за негово подобрување и подршка за остварување на зацртаните цели за развој.

Процесот на самоевалуација се спроведува во три фази:

1. Подготвителна фаза,
2. Фаза на реализација и
3. Фаза на известување и усвојување.

Планирањето и подготовката на самоевалуацијата беше спроведено од училишната комисија, усвоена од Училишниот одбор на 12.8.2022г., по предлог на Директорот на училиштето.

Во подготвителната фаза се изврши:

- Определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација;

Техники	Инструменти
Набљудување	Следење на состојбите
Анкетирање	Анкети прашалници
Скалирање	Скали графички (дескриптивни и нумерички)
Анализа на документи	Чек листи

- Се прибираат и групираат податоците за самоевалуација;
- Се прибавува документацијата потребна за вршење на самоевалуацијата на училиштето.

Во текот на работата, тимовите остварија средби со директорот, водеа разговори и со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе извештајот.

Во фазата на реализација се врши:

- Анализирање на податоците и документацијата;

Популација и примерок

Со истражувањето беа опфатени три примероци: наставници 88 или 91% од вкупниот број наставници, 99 ученици, најмногу од осмите и деветите одделенија, родители 103, претежно родители на ученици од осмо и девето одделение и родители кои имаат по повеќе од еден ученик во училиштето. Учесниците во истражувањето анкетните прашалници ги пополнија во електронска форма (online).

Анкетните прашалници содржеа по 75 прашања за учениците, 80 за родителите и по 97 за наставниците.

- Се добиваат и усогласуваат добиените наоди;
- Се подготвуваат поединечни извештаи за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација.

Во фазата на известување и усвојување се обезбедува:

- Достапност на нацрт извештајот на наставничкиот совет, советот на родители, ученици, директорот на училиштето и училишниот одбор кои можат да достават забелешки на нацрт извештајот, во писмена форма;
- Изготвување на извештај за самоевалуација.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка - многу добар. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

Цели на самоевалуацијата

1. Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;

2. Ефективно и ефикасно раководење со училиштето;

3. Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор,наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.

4. Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;

5. Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;

6. Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето;

7. Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето;

8. Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

Самоевалуацијата (самовреднувањето) на работата на училиштето, се смета за најважен механизам за унапредување на квалитетот на работата во образованието.

Самоевалуацијата на училиштето има исклучително развојна функција и не треба да се разбере како критика, туку како процес преку кој се утврдуваат недостатоците било да се тие објективни или субјективни.

Самоевалуацијата е проверен и добар инструмент за подобрување на квалитетот на училиштето, за подобро планирање на работата на ниво на паралелка, училиште и соработка со локалната заедница. Училиштето го следи својот развој и за тоа ги информира родителите и локалната заедница.

На основа на утврдените предности и слабости на училиштето, самото училиште ги планира мерките за подобрување и унапредување на квалитетот на образованието.

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на дефинираните индикатори за седумте клучни подрачја од дејноста на училиштето, а тоа се:

- **ПОДРАЧЈЕ БР.1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**
- **ПОДРАЧЈЕ БР. 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**
- **ПОДРАЧЈЕ БР. 3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА**
- **ПОДРАЧЈЕ БР.4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
- **ПОДРАЧЈЕ БР.5 УЧИЛИШНА КЛИМА**
- **ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ**
- **ПОДРАЧЈЕ БР.7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Во периодот опфатен во самоевалуацијата, (2020-2022 год.) нема извршена интегрална евалуација за работење на училиштето, од страна на ДПИ, поради пандемијата КОВИД 19, која беше актуелна токму во тој период, училиштето работеше под посебни услови и протоколи за работа предложени од МЗ, а прифатени од МОН.

Процесот на Самоевалуацијата опфаќа:



ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

Лична карта на училиштето

Податоци	
Име на основното училиште	Општинско основно училиште Јоаким Крчовски
Адреса, место, општина	ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139 Крива Паланка
Телефон	031 375 132
Факс	031 375 132
Веб-страница	https://ooujoakimkrchovski.home.blog
Е-маил	oujoakimkrcovski@yahoo.com
Основано од..	Околиски Народен Одбор
Верификација-број на актот	10-1639/3 1995 г.
Година на изградба	1947 год.
Тип на градба	Тврда
Внатрешна површина на училиштето (m2)	1430 м2
Училиштен двор (m2)	1700 м2
Површина на спортски терени и игралишта	2044 м2
Начин на загревање на училиштето/училиштата	Во двата училишни објекти во градот и во ПОУ с.Жидилово има систем за парно греење, а во останатите училишни објекти на огревно дрво
Училиштето работи во смени	во две смени
Број на одделенија	Девет одделенија
Број на паралелки	43 (+23 во подрачните училишта) вкупно 66
Број на комбинирани паралелки	/ (12 во подрачните училишта)
Број на ученици	Учебна 2020/2021-814 , учебна 2021/2022-825
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	не
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Да
Во основното училиште има ресурсен центар	Не

Број на вработени	127
Број на наставници	97
Број на стручни соработници	5
Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем	Има Статус на еко-училиште со добиено зелено знаме - Февруари 2013 година, Април 2015 година, Февруари 2017 година.
Меѓуетничка интеграција во образованието	Партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“- с. Черкезе Куманово
Други податоци карактеристични за основното училиште	Се работат повеќе европски проекти: “Една мисија, една визија, еден фокус“ „Младите одговорни граѓани ја менуваат својата иднина“ „Нови начини на учење“ „Целиот свет е сцена“

Мапа на училиштето

Училиштето е лоцирано до Градскиот парк во Крива Паланка на адреса ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 139.

РАБОТНА ГРУПА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Директор: Дане Петровски

Комисија за изработка на самоеваулација:

1. Биљана Пешовска – одд.наставник (пом. директор)
2. Христина Илиевска - предметен наставник
3. Лариса Жулина Митовски - наставник ментор
4. Марина Јакимовска Митовска - психолог
5. Наташа Милчевска – родител

ТИМ ЗА САМОЕВАУЛАЦИЈА ПО ПОДРАЧЈА

Подрачје бр.1 **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**	Подрачје бр. 2 **ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**	Подрачје бр. 3 **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**	Подрачје бр. 4 **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
1. Жаклина Христовска (педагог) 2. Данијела Ѓорѓиевска (предметен наставник) 3. Елена Николовска (одд. наставник)	1. Викторија Груевска (психолог) 2. Анка С. Николовска (одд. наставник) 3. Јасна Ѓорѓиевска (предметен наставник)	1.Наташа Стефановска (предметен наставник) 2. Александра Стојановска (одд. наставник) 3.Валентина Гоговска (предметен наставник) 4. Милена Божовска (предметен наставник) 5. Ивана Славевска (предметен наставник)	1.Наташа Колевска (предметен наставник) 2.Марина Ристовска (одд. наставник) 3.Георгина Велковска (предметен наставник)

Подрачје бр. 5 **УЧИЛИШНА КЛИМА**	Подрачје бр. 6 **РЕСУРСИ**	Подрачје бр. 7 **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**
1. Марина Стаменковска (предметен наставник) 2. Бињана Антовска (одд. наставник) 3. Габриела Стојановска (предметен наставник)	1. Елпида Алексовска (одд. наставник) 2.Тања Д. Шкрбиќ (предметен наставник) 3. Гордана Ивановска (предметен наставник) 4.Јулијана Стоименовска (библиотекар)	1.Елизабета Цоневска (одд. наставник)

1. ПОДРАЧЈЕ БР.1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ



Индикатори за квалитет:	**Тема:**
1.1. Реализација на наставни планови и програми	• Применувани наставни планови и програми • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми • Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби • Избор на наставни предмети • Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето • Реализација на проширени програми

1.2. Квалитет на наставните планови и програми	• Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала • Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала • Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието • Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми
1.3. Воннаставни активности	• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности • Опфатеност на учениците со воннаставните активности • Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности • Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

Подрачје 1- Наставни планови и програми

Индикатори:

1.1 Реализација на наставните планови и програми
1.2 Квалитет на наставните планови и програми
1.3 Воннаставни активности

Подрачје 1- Наставни планови и програми

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Годишна програма за работа на училиштето во изминатите две години • Годишни и тематски планирања на наставниците • Педагошка евиденција и документација • Индивидуални наставни планови и програми за деца со посебни образовни потреби • Годишна програма за работа на училиштето • Годишен извештај	***Индикатор за квалитет:*** **1.1 Реализација на наставните планови и програми** Применувани наставни планови и програми Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети како на пример: Прирачник за изведување настава по техничко образование и наука и информатика за IV одделение во учебната 2021/22 година; Прирачник со дидактички насоки за наставниот материјал за реализација на наставата по македонски јазик за V одделение во учебната 2021/22 годин и водич за ученици по предметот македонски јазик за V одделение; Нов концепт за граѓанско образование 2020/21 година, Прирачник за наставници и упатство за ученици по граѓанско образование за VIII и IX одделение од учебната 2020/21 година. Во учебната 2021-22 година наставниците од I и IV одделение реализираа настава според новата концепција за основно образование со решение број:08-3980/1 од 3.03.2021 год. донесена од МОН , нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во I и IV одделение донесени од БРО и МОН. Тоа значи дека Наставните планови и програми за деветгодишното основно образование во нашето училиште, се во согласност со МОН и БРО, а за прво, второ, четврто и петто одделение, во согласност со новата Концепција за основно образование, и во целост се реализираат. При нивна реализација се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинетет, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Истите се според пропишаниот обем и број на часови според Наставниот план и програма и новата концепција. Задолжителната, изборната, дополнителната, додатната и

за работа на училиштето • Статут на училиштето • Спроведени анкети на наставници, ученици и родители • Спроведени интервјуа со директор, помошник директор, стручни соработници • Наставни планови и програми донесени од БРО • Е-дневник • Записници од Училишен одбор • Записници од стручна служба • Записници од родителски средби • Записници од одделенски совети • Записник од извшен	воннаставна настава редовно се планираат и реализираат. Наставниот кадар реализира настава според дадените наставни планови и програми и според нив изготвува: годишно, тематско-процесно и дневно планирање (сценарио за час). Планирањата на наставниците се во печатена и електронска форма и истите уредно се доставуваат до почетокот на учебната година кај Стручната служба на училиштето. Исто така наставниот кадар редовно го пополнуваше Е дневникот. Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба: Од непосредниот увид во потребната евиденција и документација доставена на инспекцискиот надзор,и разговорот со присутните за време на надзорот во однос на предмет на надзорот се констатирана следната состојба: Во ООУ„Јоаким Крчовски“-Крива Паланка, во учебната 2021/2022 година во воспитно образовниот процес се вклучени 97 наставници од кои 11 на определено време и 88 на неопределено работно време, 3 стручни соработници и директорот на училиштето. Во состав на Училиштето работат и осум Подрачни училишта. Во училиштето наставата е реализирана со физичко присуство и онлајн, во согласност со насоките дадени од Министерството за образование и наука, поради пандемијата Ковид 19. Во однос на водење на педагошката документација и евиденција на крај од учебната 2021/2022 во ООУ „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка, се констатира следнава состојба: Училиштето води Главна книга на учениците од прво до деветто одделение.Увид е извршен во Гланата книга број 19 од реден бр.1-74, главна книга 20 од ред, бр.1-74 и главна книга бр.16 од ред.бр 1-74. Од увидот е констатирано дека во Главната книга се внесени сите потребни податоци што се барат од истата. За учениците од прво до трето одделение оценувањето е описно. Додека за учениците од четврто до шесто одделение на крај од првото полугодие оценувањето е описно, а на крајот на наставната година оценувањето е бројчано. Учениците од седмо до девето одделение исклучиво се оценуваат со бројчани оценки. За постигнатиот успех на учениците изготвени се Евидентни листови во електронска и во печатена форма. За успехот се известуваат нивните родители и Еведентните листови потпишани од родителите ги чуваат одделенските раководители во посебни класери. Училиштето на крајот на наставната година на сите ученици им издава свидетелство за завшено одделение. За оваа учебна година до денот на инспекциски надзор издадени се само сведиделства за ученици од девето одделение, а за другите ученици се чекаат сведителсвата од страна на МОН кои доцнат. За учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница во согласност со Законот и правилникот.(Во прво и второ полугодие има 1 ученик кои дошле од друго училиште и 5 ученици кои се запишале во друго училиште) Во училиштето уредно и континуирано се води педагошка евиденција (дневник на паралелка е-дневник). Согласно правилникот наставните содржини кои ги евидентираат наставниците се печатат на месечно ниво и секој одделенски раководител ги чува во посебен класер. За време на надзорот е направена контрола во електронски дневник на 4-4 одд., 5-3 одд., 7-3 одд. и 9-4 одд. Во училиштето педагошката документација се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Во училиштето е-дневникот на паралелката се води на јазикот и писмото на кој се изведува наставата (на македонски јазик) Во училиштето навремено се отпечатени

испекциски надзор • Записници од стручни активи во училиштето • Развоен план на училиштето • Анкетни листи од наставници, ученици и родители • Чек листи од ДПИ • Други пишани документи од архивата на училиштето	податоците од е-дневникот и уредно се чуваат. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми Секој наставник ги запознава учениците со наставниот план и програма за наставните предмети што ги предава, а родителите се запознаени со истите на првите родителски средби. Според анкетираните наставници, родители и ученици најголем број се изјасниле дека се информирани дека наставните планови и програми се во согласност со МОН и БРО. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на Родители. Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби Во училиштето функционира Училишен инклузивен тим составен од 7 члена во кој членуваат директорот, специјален едукатор и рехабилитатор, педагогот, двајца родители и двајца наставници (одделенски и предметен). Иклузивниот тим за ученикот (ИТУ) е составен од училишниот специјален едукатор и рехабилитатор, училишниот психолог, одделенски раководител, родител и наставниците кои предаваат на ученикот. ИТУ тимот изработува и евалуира ИОП (индивидуален образовен план) за работа со деца со посебни образовни потреби и истиот го следи напредокот на ученикот. На овие ученици им се посветува посебно внимание од страна на сите наставници, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Според спроведената анкета, најголем број од анкетираните наставници, родители и ученици се изјасниле позитивно во врска со реализацијата на целите од ИОП, која што се следи и анализира од страна на Одделенски и Наставнички совети и Инклузивниот тим на училиштето. Училишниот инклузивен тим активно соработува со Ресурсен центар „Иднина“ од Скопје, како во однос на изработка на модифицирана програма за ученик, така и во однос на ангажирање и распределба на образовни асистенти за ученици со ПОП. Избор на наставни предмети Училиштето нуди избор на повеќе од три изборни наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН. Преку претходно изготвени анкетни листови учениците вршат избор на еден изборен предмет од листата со повеќе понудени изборни предмети. Слободните изборни предмети, во одделенијата каде што настава се изведува според новата Концепција за основно образование, се бираат според протоколот кој што е опишан во Водичот за слободни изборни предмети во основното образование, односно се нудат изборни предмети од четири категории од кои учениците избираат два предмети, еден во првото полугодие и еден во второто полугодие. Училиштето изготвува анкетни листови на кои учениците во согласност со своите родители имаат право и можност да изберат кој изборен наставен предмет ќе го изучуваат во текот на следната учебна година. При тоа се води сметка да не се повторуваат предмети кои ги изучувале во претходната учебна година. Најголем број од

наставниците и поголем број од родителите и учениците се изјасниле дека училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците при изборот нудејќи избор на повеќе изборни предмети.

Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето

Се реализираат и програми за додатна, дополнителна, воннаставни и вонучилишни активности според можностите, способностите, потребите и интересите на учениците. Изборот на воннаставни активности се врши преку анкетни листови каде што учениците избираат од повеќе понудени секции во кои што може да членуваат. Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати според наставникот, на барање на родителот или на барање на ученикот, додека додатната настава се реализира со ученици кои постигнуваат значителни резултати за одделени наставни предмети. Наставниците изготвуваат проширени програми која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред наставата и еден час по завршувањена наставата, дополнителна, додатна настава, воннаставни и вонучилишни активности односно секции, клубови, излети, екскурзии, посети, натпревари и друго пред почетокот на учебната година и истите се дел од Годишната програма за работа на училиштето. На почетокот на учебната година се изготвува распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, и истиот е вметнат во дневниот распоред на часови. Поголемиот број од наставниците, стручните соработници, учениците и родителите се согласуваат за реализација на дополнителна настава, додатна настава и воннаставни активности.

Во рамки на наставата се реализираат дванаесет проекти од кои четири се меѓународни. Дел од нив се: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Меѓуетничката интеграција во образованието, Заедно за училишта без насилство, ИКТ во наставата, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, Критичко размислување и решавање на проблеми во наставата, Редовно на часови, Антикорупциска едукација на учениците и Еразмус+ проектите. На почетокот на секоја учебна година се изработува интегрирана програма во која се наведени сите наставни содржини кои одговараат на проектите кои се реализираат во нашето училиште и истие се дел од прилозите на годишната програма за работа на училиштето.

Нашето училиште од 2019 година аплицираше и во конкуренција од повеќе училишта од Европа ја доби ознаката за е-Твининг училиште. Како е-Твининг училиште училиштетето ќе биде препознаено на картата на европсклите училишта како училиште со развиени иновативни методи, техники и ИКТ алатки во наставата. Посебно заслуга за оваа награда има целиот воспитно-образовен кадар во училиштето со подршка од директорот на училиштето, кои неуморно работат и соработуваат сé со една и единствена цел - подобра и иновативна настава.

Реализацијата на Наставните планови и програми во учебната 2020/21 година се одвиваше по посебни планови, протоколи и услови поради пандемијата со КОВИД-19. Учениците од I-III одделение наставата ја следеа со физичко присуство во училиште, носеа заштитни, беа поделени во групи од најмногу по 15 деца, часовите треа по 30

	минути, додека учениците од IV-IX одделение наставата ја следеа од далечина-онлајн преку Националната платформа и Microsoft teams. Наставата се реализираше по скратени наставни планови и програми донесени од МОн и БРО. Реализација на воннаставни активности немаше. Во учебната 2021/22 година наставата се реализираше со физичко присуство во училиште за сите ученици со плани и протокол за работа донесен од МОН, освен за оние чии родители бараа да следат настава од далечина поради здравствени и други причини. Учениците и наставниците во училиште носеа заштини маски и се почитуваа протоколи за заштита од Ковид-19. Реализацијата на воннаставните активности се одвиваше со потешкотии поради неможноста учениците од различни паралелки да се групираат. На крајот од третото тримесечие од учебната 2021/22 година, Владата на РСМ донесе одлука за олабавување на мерките и протоколите и можеа да се реализират мал дел од планираните воннаставни активности. Реализација на проширени програми Училиштето организира прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на наставата. Наставници кои ги прифаќаат и згрижуваат учениците се одделенските наставници според направен распоред објавен на огласна табла.

Подрачје 1- Наставни планови и програми

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Наставни планови и програми за тековните учебни години • Записници од стручни активи на училиштето • Записници од родителски средби	***Индикатор за квалитет:*** **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала Со наставните содржини кои се дел од наставниот план и програми се обезбедува еднаквост на сите ученици, без разлика на полот, етничката, верската и социјалната припадност. Овие содржини најзастапени се во: Образование за животни вештини, Етика, Запознавање на религиите, Етика на религиите и други предмети, преку реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители, преку одредени теми за реализација на програмата за меѓуетничка интеграција и преку соработка со Педагошко-психолошката служба. Се реализираат и проектни (воннаставни) активности преку кои учениците се запознаваат со културните и верските различности. Наставниците планираат и реализираат самостојни и заеднички активности од програмата за Меѓуетничка

• Тематски планирања • Записници од анкети за изборни предмети • Записници од Наставнички совет • Анкети со наставници, родители и ученици • Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН	интеграција со партнер училиштето „Јероним Де Рада“ од с.Черкези, Куманово. За реализацијата на наставните планови и програми наставниот кадар посетува семинари, обуки и работилници, кои ги организира БРО и МОН, а некои се и од Еразмус+ програмата и стекнатите знаења од нив ги пренесува на останатите наставници преку дисеминација. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала Во одреден дел од Наставните планови и програми се интегрирани содржини и особености од локалната средина, и тоа особено во изборниот предмет Истражување на родниот крај. Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието Наставниците од одделенска и предметна настава при изработка на своите планирања имаат голема меѓусебна соработка и заеднички ги изработуваат со стручните активи за секое одделение. Во своите годишни и тематски планирања имаат интегрирано активности со содржини од проектите МИО и ЕКО. Бидејќи сите наставници се едуцирани за работа со компјутери, тие исто така активно изведуваат содржини со вклучување на ИКТ во наставата. Во секоја училница од оваа учебна година се поставени смарт табли со што многу полесно се реализираат наставните планови и програми. Од увидот во нивните планирања се гледа дека наставниците покажуваат креативност, односно за реализација на наставата ги користат сите форми, методи и техники на работа, изработуваат нагледни средства за реализација на поквалитетна и современа настава, а што се однесува на домашните задачи, тие секогаш се соодветни на потребите и можностите на учениците. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми Наставниците дискутираат на состаноците на стручните активи и на наставничките совети за наставните палнови и програми, нивната реализација, имаат свои размислување кои јавно ги споделуваат, но истите писмено не ги доставуваат до МОН или БРО, бидејќи сметаат дека тоа нема никакв ефект односно дека нивните размислувања не се проследуваат и не се земаат во предвид. Наставниците, родителите и учениците можат да влијаат на измени во наставната програма преку покренување на иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истата треба да ја препратат до БРО и МОН.

Подрачје 1- Наставни планови и програми

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Годишна програма за работа • Годишни планирања • Е-дневник • Записник од ДПИ • Спроведени интервјуа со директор, стручни соработници • План за воннаставни активности • Анкетни листи од наставници, ученици и родители • Педагошка евиденција и документација • Пофалници, благодарници, дипломи, награди • Изработки од ученици	***Индикатор за квалитет:*** **1.3 Воннаставни активности** Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Во училиштето се организирани разновидни воннаставните активности: драмска секција, спортски активности, еколошки активности, ликовни активности, музички манифестации, работа на проекти, учество на натпревари, размена на искуства со ученици од други училишта надвор од државата. Во учебната 2021/22 г.од планираните активности за антикорупциска едукација на учениците, реализирани се: запознавање на учениците со поим, видови и борба против корупција и истото е евидентирано во Извештајот за работа на Тимот за антикорупциска програма, предавање од стручно лице од комисијата за спречување на корупција, предавање од одговорниот наставник за запознавање на учениците како да препознаат корупција во државните и јавни институции, користење на техника призма за расчленување на поимот корупција, литературен конкурс на тема „Мито-поткуп“ и квиз активности против корупција за учениците од девето одделение. Од учебната 2021/2022 година планирањето на воннаставните активности училиштето го прави според Концепцијата за воннаставни активности издадена од БРО во 2020 година, при што за развивање на различните интереси и компетенциите (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја: 1. Личен и социјален развој 2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство 3. Уметничко изразување и култура 4. Претприемништво и финансиска писменост Учениците, според нивните интереси и потреби, се вклучуваат во воннаставни активности, кои редовната настава делумно ги опфаќа или не ги опфаќа. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и ја подигаат нивната мотивација за постигнување повисок училишен успех. Во нашето училиште се реализираат повеќе видови задолжителни воннаставни активности, какви што се: Краткотрајни воннаставни активности: а) еднократни рботилници, кои се посветени на најразлични теми, какви што се, на пример: „ - правење оригами, икебана, новогодишни честитки или украси; „ - подготовка на палачинки, пица или колачиња; „ -справување со булинг, подигнување на свеста за сексуално насилство, запознавање со последиците од користењето наркотични средства; „ - давање прва помош, евакуација во услови на природни катастрофи, противпожарна заштита во училиштето; „ - сообраќајна безбедност во околината на училиштето итн.

	б) акции во училиштето или во заедницата, кои имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: - еколошки акции, - хуманитарни акции, - продажни базари, - волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. подолготрајни воннаставни активности „ - секции/клубови, каде што во рамките на овој вид воннаставни активности се прави разлика меѓу: а) секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области (пр. математичка, информатичка, литературна, ликовна); б) секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура); в) секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); и г) спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам). Според новата концепција воннаставните активности се реализираат во склоп на други активности и се запишуваат во неделното планирање кое се праќа на родителите за секоја седмица. Опфатеност на учениците со воннаставните активности Воннаставните активности се инклузивни и недискриминирачки, достапни за сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех, што значи дека учеството на учениците во воннаставните активности се остварува во зависност од нивните потреби, интереси и можности, без разлика на полот, етничката припадност и социјалното потекло. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности Учениците се вклучуваа во воннаставните активности по сопствен избор и даваат свои предлог-содржини во планирањето на воннаставните активности. Најголем дел од испитаните наставници, ученици и родители се согласни дека училиштето реализира воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен и социјален развој. Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и постигаат високи успеси на натпревари од различни области, што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво. За сите постигнати резултати учениците секогаш се јавно пофалени и наградени. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

	Афирмацијата на училиштето се врши преку освоени награди од натпревари и конкурси, учество во манифестации и настани по разни поводи и сл., а сето тоа јавно се објавува на училишниот блог, на станата на Општината и на други достапни страни. Во однос на придобивката од реализацијата на воннаставните активности, од анкетните листови за наставници ученици и родители се заклучува дека учениците развиваат нови знаења и вештини за музика, спорт, уметност, но и за сите останати предмети кои што ги изучуваат и имаат способности за истите. При тоа освојуваат награди, лично се афирмираат со кое нешто го афирмираат и самото училиште. Во учебната 2020/2021 година и 2021/2022 година, иако училиштето планираше воннаставни и вонучилишни активности, реализацијата беше оневозможена поради пандемијата со КОВИД-19. Препораките за социјална изолација, држење дистанца, ограничен број на лица во затворен простор, настава од далечина беа причина за нереализација на воннаставните и вонучилишни активности. Физичкото здравје на учениците и наставниците беше приоритет. Додатна и дополнителна настава се реализираше онлајн во учебната 2020/21 година додека во учебната 2021/22 година со физичко присуство, но со почитување на протоколите. Излети, посети и екскурзии не се реализираа. При крајот на учебната 2021/2022 година со олабавување на мерките за заштита од КОВИД-19 се реализираа мел дел од планираните воннаставни активности, како што се: спортски активности, натпревари, проекти, еднократни работилници, акции.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Во најголем дел наставниците работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. ○ Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми од МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. ○ Сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план, Годишно планирање за дополнителна, додатна и воннаставна настава во печатена форма. ○ Редовно водење пеадагошка евиденција и документација. ○ За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава. ○ За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби. ○ Изборот на изборни наставни предмети се реализира според наставниот план и програма. ○ Секој ученик има можност да одбере воннаставна активност според потребите, желбата и интересот. ○ Редовно се одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во дневник на паралелка и во училишните извештаи. Придобивки од воннаставни активности се освоени награди, пофалници, дипломи и афирмација на училиштето. ○ Подготовка на учениците за општински, државни и меѓународни натпревари. ○ Постигање солидни резултати преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво. ○ Училиштето носи титула на е-твининг училиште и имаме и е-твининг амбасадор-наставник во училиштето	○ Наставниците, учениците и Советот на родители не испраќаат забелешки, предлози за изменување и дополнување на наставните програми. ○ Намалена соработка меѓу Стручните активи. ○ Недоволен број на обуки за наставниците и стручните соработници. ○ Недоволна соработка со специјалниот едукатор, која е неопходна за успешно спроведување на наставата од страна на наставниците кои работат со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето и се дел од редовната настава, како и изработка на ИОП. ○ Немање доволно услови за кабинетска настава. ○ Потребно е обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите во подрачните училишта. ○ Нема постојана интернет конекција во подрачните училишта. ○ Недостиг од учебници, посебно за наставниците кои работат според новата концепција. ○ Училишната библиотека не располага доволно со стручна литература, која би им служела на стручните соработници за поквалитетна, и поиновативна работа. ○ Дотраени музички инструменти. ○ Осипување на учениците. ○ Недоволно учество на учениците во воннаставните активности

○ Информирање на родителите преку блогот на училиштето и огласна табла.	
МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES)	**ЗАКАНИ (THREATS)**
○ Поголема вклученост на наставниците и родителите во прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и покренување иницијатива за нивно изменување и дополнување со следење на современи текови и актуелни теми поврзани со наставата ○ Мотивирање и вклучување на послабите ученици во воннаставни активности ○ Вклучување на родителите во организирани наставни и воннаставни активнос	○ Недоволната заинтересираност на родителите за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и покренување иницијатива за нивно изменување и дополнување ○ Недоволна заинтересираност од страна на родителите за учество во организирани активности од воннаставните програми

Јаки страни

- ✓ Наставниците работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми од МОН и БРО по предмети, подрачја и активности;
- ✓ Сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план, Годишно планирање за дополнителна, додатна и воннаставна настава во печатена форма;
- ✓ Редовно водење пеадагошка евиденција и документација;
- ✓ За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава;
- ✓ За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Изборот на изборни наставни предмети се реализира според наставниот план и програма;
- ✓ Секој ученик има можност да одбере воннаставна активност според потребите, желбата и интересот;
- ✓ Редовно се одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во дневник на паралелка и во училишните извештаи. Придобивки од воннаставни активности се освоени награди, пофалници, дипломи и афирмација на училиштето;

- ✓ Подготовка на учениците за општински, државни и меѓународни натпревари;
- ✓ Постигање солидни резултати преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво;
- ✓ Училиштето носи титула на е-твининг училиште и имаме и е-твининг амбасадор-наставник во училиштето;
- ✓ Информирање на родителите преку блогот на училиштето и огласна табла;

Слаби страни

- ✓ Наставниците, учениците и Советот на родители не испраќаат забелешки, предлози за изменување и дополнување на наставните програми;
- ✓ Намалена соработка меѓу Стручните активи;
- ✓ Недоволен број на обуки за наставниците и стручните соработници;
- ✓ Недоволна соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, која е неопходна за успешно спроведување на наставата од страна на наставниците кои работат со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето и се дел од редовната настава, како и за изработка на ИОП;
- ✓ Немање доволно услови за кабинетска настава;
- ✓ Потребно е обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите во подрачните училишта;
- ✓ Нема постојана интернет конекција во подрачните училишта;
- ✓ Обнова на учебниците по стара програма;
- ✓ Недостиг од учебници, посебно за наставниците кои работат според новата концепција;
- ✓ Училишната библиотека не располага доволно со стручна литература, која би им служела на стручните соработници за поквалитетна, и поиновативна работа;
- ✓ Дотраени музички инструменти;
- ✓ Недоволно учество на учениците во воннаставните активности;

Приоритети

- ✓ Да се подобри квалитетот на воннаставните активности преку зголемување на бројот на ученици во истите.
- ✓ Да се зголеми соработката помеѓу активите, особено околу меѓупредметните заеднички цели на образованието.
- ✓ Наставниците, учениците и Советот на родители да испраќаат предлози и забелешки за измени и дополнувања на наставните програми.
- ✓ Зголемување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали по сите предмети.
- ✓ Обезбедување на обуки за наставнот кадар и стручните соработници за професионално усовршување.
- ✓ Збогатување и обновување на книжниот фонд во училишната библиотека (стручна литература и лектирни изданија).
- ✓ Оспособување на повеќе училници за изведување на кабинетска настава и обезбедување на истите со потребениот дидактички материјал.
- ✓ Реконструкција на сите спортските терени во подрачните училишта.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

1.1. Индикатор-Реализација на наставните планови и програми

1.1.Училиштето Ве информира дека применетите Наставните планови и програми се во согласност со МОН и БРО.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81	17%	2%
НАСТАВНИЦИ	92%	8%	
РОДИТЕЛИ	75%	22	%

1.1.Со учениците со посебни образовни потреби се работи според индивидуален образовен план (ИОП).



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	88.3%	9.6%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	93.2%	6.8%	
РОДИТЕЛИ	77.9%	16.8%	5 3

1.1.Училиштето нуди избор на повеќе од три изборни предмети според потребите и барањата на учениците



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	86.6%	9%	4.4
НАСТАВНИЦИ	89.8%	8%	2.2%
РОДИТЕЛИ	75%	19.8	. %

1.1.Според интересите и потребите на учениците се реализираат проширени програми (дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности).		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	87.6%	8%	4.4%
НАСТАВНИЦИ	88.6%	11.4%	
РОДИТЕЛИ	74.2%	22.7%	3.1%

1.2.Индикатор-Квалитет на наставните планови и програми

1.2.Во училиштето се организираат и реализираат активности за унапредување на меѓуетничка, меѓуродова и мултикултурна соработка.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	90.7%	6%	3.3%
Н СТАВНИЦИ	89.7%	9.2%	1.1%
РОДИТЕЛИ	76	20.8%	3.2%

1.3.Индикатор-Воннаставни активности

1.3.Сите ученици учествуваат во воннаставните активности (секции, еднократни работилници акции, приредби, екскурзии) според нивните интереси и способности.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.5%	14.4%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	76.1%	19.3%	4.6%
РОДИТЕЛИ	65.6%	30.2%	4.2%

1.3.Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	91.8%	6.4 %	1.8 %
НАСТАВНИЦИ	93.2%	4.2 %	2.6%
РОДИТЕЛИ	81.6%	16.5%	1,9 %

2. ПОДРАЧЈЕ БР. 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Индикатори за квалитет:	**Тема:**
Постигнувања на учениците	Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според
	квалификациони периоди Подобрување на постигнувањата на учениците Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава Следење на хоризонтално и вертикално движење Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

Задржување/осипување на учениците	Опфат на учениците Редовност во наставата Осипување на учениците Премин на ученици од едно училиште во друго
Повторување на учениците	Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието

Подрачје 2 - ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Дневници на паралелките; • Евидентни листови за успехот на ученикот/чката; • Главни книги; • Прегледи за успех од тримесечие, полугодие и крај на учебната година; • Полугодишен и годишен извештај на училиштето; • Годишна програма за работа на училиштето;	***Индикатор за квалитет:*** **2.1 Постигнувања на учениците** Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди Училиштето во континуитет прибира и користи податоци за постигнувањата на учениците согласно нивниот пол по сите наставни предмети кое нешто го потврдуваат и најголемиот дел од испитаниците. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците, при што ги почитуваат критериумите и стандардите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Покрај тоа, наставниците имаат изработено свои критериуми за оценување што ги применуваат во наставата. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. Училиштето располага со детални податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квартални периоди во текот на целата учебната година. На крајот од првото тримесечие и третото тримесечие, педагошко-психолошката служба прави анализи на постигнатиот успех и поведението на учениците, во кои се вршат споредби со претходните учебни години и се предлагаат мерки со подобрување на состојбата. Споредбени анализи за постигнатиот успех се вршат на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, а истите се внесени во Полугодишниот и Годишниот извештај на училиштето. СПОРЕДБА НА УСПЕХОТ ВО ТЕКОТ НА ДВЕ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ГОДИНИ (IV –IX ОДД.)

- Анализи за успехот и поведението на учениците кои се изработуваат квартално;
- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;
- Извештаи за успехот и редовноста во учебните: 2020/ 21 и 2021 / 22 год;
- Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;
- Записници од Стручни активи;
- Анкети со наставници, родители и ученици;
- Интервју со Директор, Помошен директор, Стручни соработници
- Извештаи од стручна служба;
- Програма за

Учебна година	Општ успех
2020 / 21	4,63
2021/ 22	4, 8

СПОРЕДБЕН УСПЕХ ВО ТЕКОТ НА ДВЕ УЧЕБНИ ГОДИНИ ПО ГЕНЕРАЦИИ

Учебна година	Одделение						
	4	5	6	7	8	9	Среден ус ех
2020 / 21	4, 6	4,78	4,67	4,73	4,37	4,64	4,63
2021/ 22	4,55	4,69	4 42	4, 8	4 62	4,46	4,58

Средниот успех на ниво на училиште и по генерации во последниве две години е одличен и нема големо отстапување што може да се види и од табеларените прикази.

СПОРЕДБА НА ПОВЕДЕНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА ДВЕ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ГОДИНИ (I –IX ОДД.)

Поведение на учениците за учебна 2021/22 год

Вид на поведение	Одделение								
	1	2	3	4	5	6	7	8	9

додатна и дополнителна настава;

- Правилник за видови пофалби, награди Правилник за педагошки мерки за учениците;
- Пофалници и дипломи за учениците;
- Извештаи од реализирани натпревари;
- Соопштенија за пофалени ученици и ученици кои освоиле награди и признанија;
- Наоди и мислења од здравствени установи за ученици со посебни обраовни потреби;
- Програма за работа со талентирани деца;
- Годишна програма за професионална ориентација на учениците;

Преимерно	98	89	88	87	97	97	105	68	93
Добро									1
Неза волително									
Вкупно	98	89	88	87	97	97	105	68	94

3 одд.-1 неоценет 5 одд.-1 неоцент

Поведение на учениците за учебна 2020/21 год

Вид на поведение	Одделение								
	1	2	3	4	5	6	7	8	9
Преимерно	82	83	8	88	90	99	64	91	80
Добро									
Незадоволително									
Вкупно	2	83	80	88	90	99	64	91	80

Од табелраните прикази се воочува дека во учебната 2021/22 година само еден ученик е со добро поведение и по еден ученик од трето и петто одделение останаа неоценети поради тоа што нередовно ја посетуваа наставата. Овие двајца ученици беа упатени на одделенски испит на кој не се појавија и затоа останууваат во истото одделение. Сите други ученици се со примерно поведение освен еден од деветто одделение во учебната 2021/22 година е со добро поведение.

Подобрување на постигнувањата на учениците

Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците кое нешто го потврдуваат најголем дел од

	испитаниците. Наставниците обезбедуваат поддршка на сите ученици во редовната настава избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема, и се остварува поголема помош од наставниците. Исто така, при реализирање на наставата од далечина, дел од наставниците, работеа од дома и притоа користеа сопствени ресурси и средства, како и сопствен интернет, сé со цел непречено одвивање на наставата и поинтересно организирани часови, подобра комуникација и соработка како и обезбедени услови за одвивање на воспитно образовниот процес. Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност, и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. Училиштето има развиен систем за следење на постигањата на учениците кој се состои во: - соопштување на постигањата на одделенски и наставнички совет; - анализа на постигањата по секој класификационен период; - донесување на заклучоци за подобрување на успехот во текот на следниот период кои се состојат во организирање на дополнителна настава по предметите каде учениците имаат најслаб успех; - советодавни индивидуални или групни разговори со учениците со послаб успех од страна на стручната служба во училиштето; - советодавни разговори со родителите од учениците. Постигањата на учениците (било да се позитивни или негативни), редовно по секој класификационен период јавно се соопштуваат кај сите ученици. Постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слично јавно се промовираат и истакнуваат на приредби (Денот на училиштето) и на крајот од учебната година, како и на блогот на училиштето. Со описното оценување во одделенска настава, наставниците се оспособуваат да применуваат посовремени методи на оценување (евидентни листи, скали за проценка, есеи, проекти и сл.)

	Училиштето ги подобрува постигањата на учениците со постојани укажувања за потреба од стknатите знаења и вештини за лична надградба на својата личност и основа за натамошно образование, како и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот и работа. Споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување, по различни одделенија, по наставни предмети и по пол, етничка припадност, од една година во друга е важна компонента, и се врши во вид на анализи за време на наставнички или одделенски совети, како и на седниците на Активите на наставници. Споредбите на резултатите натаму се користат за добивање на подобра слика за тоа како се движат постигањата на секоја посебна генерација ученици од една учебна година во друга, како и за тоа како се движат постигнувањата по предмети во една конкретна учебна година, а кај различни генерации на ученици (на пр. во седмо одделение во учебната 2020/21 година, потоа во седмо одделение во учебната 2021/22 година, итн.) со цел постигањата на учениците да се подобрат. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот Училиштето има систем за идентификување и подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образобни потреби и континуирано го следи нивниот напредок. Училиштето има систем на идентификација на ученици со потешкотии во учењето, како на пример, евидентни листови, разговори со ученици и родители и со овие ученици се работи со диференциран начин на работа, а по потреба за постигнување на подобри резултати се одржува и дополнителна настава и континуирано се следи нивниот развој. Уште при запишувањето на учениците во прво одделение се идентификуваат и децата со посебни образовни потреби кои при тоа треба да приложат мислење од Заводот за ментално здравје како и од Комисијата за Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). Од Комсијата овие ученици добиваат извештај од проценка според која училиштето бара образовен асистент за ученикот, кој го доделува училиштето со Ресуресен центар„Иднина“-Скопје. Во учебната 2020/21 година во нашето училиште имаше 5 ученика со посебни образовни потреби, а во учебната 2021/22 година има 7 ученика со посебни образовни потреби и од нив 5 работат со образовни асистенти. Во училиштето има и ученици кои што имаат потреба од дополнителна помош и подршка, но од нивните родители немаме доставена соодветна документација. Сите овие ученицие имаат подршка од наставниците и стручните соработници избирајќи активности соодветни за нивните можности и потреби. Наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изработуваат индивидуални образовни планови, во соработка со Инклузивниот тим на

	ученикот и училиштето. Училиштето има и систем за идентификација на надарени ученици (тестови, разговори и следење на постигањата во воспитно образовниот процес). Во зависност од афинитетите и интересите на учениците се избираат активности со кои посебно се развиваат. Иако има успеси, секап за наставниците, потребна е дополнителна обука за поуспешна идентификација и работа со надарени и талентирани ученици. Овие ученици се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците и се упатуваат на натпревари и манифестации од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво. Учениците редовно учествуваат на бројни конкурси и натпревари организирани од страна на училиштето и од акредитирани здруженија/асоцијации на наставници по соодветни наставни предмети. На натпреварите нашите ученици постигнуваат солидни резултати за што сведочат многубројните награди, дипломи, пофалници и признанија. За учество на натпревари и освоени награди се води комплетна евиденција во соодветна тетратка кај Стручната служба во училиштето. Учесниците на натпреварите јавно се пофалуваат на часовите на одделенската заедница, Одделенски совет, Наставнички совет, Совет на родители, училишниот блог и друго. Во учебната 2020/21 година учениците освоиле 54 награди на општински натпревари, 41 награда на регионални натпревари, 16 награди на државни натпревари и 2 меѓународни награди. Во учебната 2021/22 година учениците освоиле 108 награди на општински натпревари, 56 награди на регионални натпревари, 23 награди на државни натпревари и 7 меѓународни награди. Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците. Според „Правилникот за видовите на пофалби, награди“ во согласност со критериумите за избор, Комисијата за избор на првенец на генерација избира тројца ученици за првенец на генерација за учениците од IX одделение, кој се прогласува на Наставнички совет, а записникот се заверува кај секретарот на училиштето. Првенците на генерацијата добиваат дипломи. Во склоп на нашето училиште работат и паралалеки на Музичкото училиште, каде што учат талентирани ученици по овој предмет и се закиутуваат со голем број награди и успеси. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава Подобрувањето на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на редовна настава. Освен на редовната настава за подобрување на постигањата на учениците во училиштето се одржува дополнителна и додатна настава за сите ученици. За таа цел на видно место е истакнат распоред за редовно одржување на додатната и дополнителната настава по сите наставни предмети. Од увидот на училишните дневници констатирано е дека дополнителната настава се одржува со учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето,

	побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети, додека додатната настава сите наставници ја реализираат според планот и програмата на наставниците, кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Исто така, од учебната 2021/2022 година беше воведена Новата концепција за основно образование, за 1 и 4 одделение, односно нови наставни програми, во кои беа воведени многубројни воннаставни активности, како и слободни ученички активности и слободни изборни предмети во кои учениците имаа свој придонес и преку кои имаа можност за активно учевство и следење на наставата како и подобрување на истата. и дополнителна и настава. Следење на хоризонтално и вертикално движење Изготвена е програма за професионална ориентација на учениците и организирани се разговори со учениците на часот на одделенската заедница и на часовите во редовната настава при што учениците се запознаваат со видовите професии, струки и занимања и притоа ги искажуваат своите желби и интереси. Во овој процес се вклучени двајцата психолози од училиштето, тимот за професионална ориентација на учениците и наставниците. Психолозите заедно со психологот од Средното училиште од градот вршат тестирање на деветтодделенците за откривање на способностите и интересите на учениците за продолжување на нивното образование. Во текот на месец април/мај секоја учебна година средните училишта вршат организирани презентации за деветтоодделенците со цел учениците да направат правилен и реален избор на понатамошното образование, односно нивната идна професија. Покрај тоа, учениците од деветто одделение заедно со раководителите на паралелките и стручната служба вршат посета на средното училиште и учествуваат на нивниот отворен ден. Во учебната 2020/21 година заради состојбата со пандемијата, средните училишта реализираа онлајн презентации или објавуваа електронски промотивни материјали за нивните училишта, при што ги запознаваа учениците со условите за работа, ресурсите со кои располагаат и критериумите за запишување на учениците. Соработници кои учествуваат во активностите за професионална ориентација на учениците се: давјцата психолози, раководителите на паралелките, родителите, наставниците и претставниците од средните училишта. Во училиштето се следат постигањата на учениците при премин од одделенска настава во предметна настава и при премин од основно во средно училиште, се анализираат причините за разликите во успехот при тој премин и се преземаат активности за нивно надминување. За поголемо постигање на учениците, но и олеснување на работата на наставниците во секоја училница е поставена смарт табла и лаптоп, но наставниот кадар не е доволно обучен за користење на смарт таблите. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од

	мешан етнички состав во партнерство со училиште од друг наставен јазик, односно со училиштето „Јероним Де Рада“ од с.Черкези, Куманово. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици во ваквите заеднички активности.

Подрачје 2 - ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Процедура за запишување ученици во прво одделение; • Списоци на деца од реонот на училиштето; • Извештаи за запишани ученици во прво одделение; • Известувања до МОН и ДПИ; • Анализи за успехот и поведението на учениците; • Едневници на паралелките; • Податоци и извештаи од стручната служба; • Закон за основно	***Индикатор за квалитет:*** **2.2 Задржување/осипување на учениците** Опфат на учениците Училиштето при запишување на ученици во прво одделение ги опфаќа сите обврзници од реонот на училиштето врз основа на претходно добиен список од МВР на сите обврзници од општината. Во училиштето има и запишани ученици во прво одделение од друг реон, со претходно добиена согласност. Законски определениот рок за запишување на деца во прво одделение е во месец мај во тековната учебна година. Запишувањето го врши комисија составена од педагог, и двајца одделенски наставници. Доколку родителите/старателите не ги запишат децата во предвидениот рок, се праќаат покани до нив да се јават во училиштето и да дадат изјава во кое училиште е запишано детето. Потоа се констатира состојбата за незапишаните деца од реонот на нашето училиште со дадено објаснување каде се запишани децата, а податоците се доставуваат до Државен просветен инспекторат (ДПИ). При запишувањето на ученици во прво одделение училиштето соработува и со другото основно училиште од градот ООУ „Илинден“, со што може да се забележи дека пропишаната процедура за упис на првачиња е целосно во согласност со Законот. Сето ова го потврдуваат и најголемиот дел од испитаниците. Редовност во наставата Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците во текот на целата учебната година според полот и етничката припадност. Се анализираат причините за отсуство на учениците и се преземаат активности за нивно надминување согласно насоките дадени од МОН и БРО на РС Македонија. Во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, квартално се даваат извештаи и се следат ученици кои се од социјално ранливи категории и доколку се редовни на часовите, тие добиваат и образовен додаток. Просветен инспектор констатира дека за учениците кои не посетувале настава подолго од еден месец, училиштето соодветно постапило во сите случаи, запазувајќи ги законските процедури при вакви случаи. Се посочува врз основа на член 163, став 1 од ЗОО до родителот/старателот да му се достави покана за едукација. Подоцна (20.5.2022г.) инспекторот констатира дека родителот постапил по инспекциската мерка. Податоците за изостаноците на учениците се дадени во Годишните и Полугодишните извештаи за работа на

образование;

- Документација од реализрани советувања со родители и ученици;
- Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки;
- Процедура за запишување новодојдени ученици и испишување ученици;
- Преведници, ученички легитимации и главни книги;
- Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;
- Полугодишни и годишни извештаи за работа на училиштето.
- Записници од ДПИ

училиштето.

СПОРЕДБЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗОСТАНОЦИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДВЕ УЧЕБНИ ГОДИНИ

Учебна година	Оправдани	Неоправдани	Вкупно	Просек
2 20/21	8378	99	8477	1 ,41
2021/22	18399	2415	20814	25,2

Од табеларниот приказ се гледа дека во учебната 2021/22 година просекот на изостаноци е дупло поголем од минатата учебна година. Тоа се должи на тоа што учениците во учебната 2020/21 година наставата ја следеа онлајн и редовно се вклучуваа, а додека пак кога се со физичко присуство во училиште, тогаш доколку имаат здравствени проблеми целосно се отсутни од наставата.

Изостаноците навремено се регулирани со лекарска потврда, оправдување од родител и писмено одобрение од директорот за ослободување на ученици од настава заради оправдани причини.

Училиштето систематски го следи редовното доаѓање на учениците во училиште кое се евидентира во Е-дневникот. Во учебната 2021/22 година училиштето секојдневно го известуваше МОН за отсуствата на учениците. На состаноците на Совет на одделенски наставници и Совет на предметни наставници, одделенските раководители и раководителите на паралелките даваат извештај за редовноста на учениците, при што се разгледува причината за отсуството. Навреме се преземаат конкретни активности за обезбедување редовност на учениците во училиште. Одделенските раководители/раководителите на паралелките навремено се обраќаат кај родителот/старателот, прибираат информации зошто ученикот отсуствувал. Ако нема повратна информација, тогаш се вклучува стручната служба и по службен пат испраќа покана до родителите за разговор. Доколку има потреба, училиштето се обраќа до Државен просветен инспекторат и до ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на Крива Паланка. Според протоколите кои беа дадени за време на пандемијата Стручната служба заедно со оддедленски раководител вршеа посети во домовите на учениците кои што не ја постуваа наставата, се со цел увид во причините за нередовност на овие ученици и да се превземат мерки да им се помогне.

Според член 76 и 77 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.08.2019) ако ученикот има 10 неоправдани изостаноци родителот се упатува на советување при што му се дава покана за советување. Психолозите редовно ги вршат советувањата на родители и ученици според претходно изготвен Неделен и месечен план за советување. Редовно се водат формулари за реализираното советување. Навремено и според училишниот правилник се изрекуваат педагошки мерки за направени неоправдани изостаноци, а како резултат на овие активности бројот на неоправдани изостаноци бележи постојан пад.

За ученикот на кој му е изречена педагошка мерка училиштето формира Тим за подршка на ученикот кој работи со

• Анкета за наставници • Анкета за родители • Анкета за ученици	ученикот и неговите родители. Осипување на учениците Основното и средното образование во Република Северна Македонија претставува законска обврска за сите граѓани. Во училиштето во последни три учебни години има осипување на ученици. Тоа осипување се должи на економски фактор затоа што многу семејства се отселуваат од државата и на тоа, ние како училиште не можеме да влијаеме. Премин на ученици од едно училиште во друго Училиштето има изготвено Процедура за запишување новодојдени ученици и испишување ученици од училиштето, која во целост се почитува. При запишување новодојдени ученици, училиштето дава писмена согласност и истата ја праќа до училиштето од каде што доаѓа ученикот. Покрај тоа, училиштето обезбедува преведница и фотокопии од свидетелствата на ученикот за претходно завршените учебни години. Кога ученикот се испишува од училиштето, родителот поднесува барање за испишување на ученикот од училиштето и доставува писмена согласност од основното училиште во кое ученикот ќе го продолжи школувањето, а потоа му се издава преведница. Нашето училиште навремено праќа повратни писмени информации до основните училишта од каде што ни доаѓаат новодојдените ученици, но и нашето училиште добива повратни информации. Во учебната 2020/2021г. нема придојдени нученици од друго училиште, а испишани се 4 ученици. Во учебната 2021/22 година придојден е 1 ученик, а 5 ученици го напуштиле училиштето.

Подрачје 2 - ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Увид во педагошка евиденција и документација; • Записник од наставнички совет	***Индикатор за квалитет:*** **2.3 Повторување на учениците** Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието Гледано наназад во нашето училиште нема повторување на ученици освен во учебната 2021/22 година кога двајца ученици, еден од трето и еден петто одделение, останаа во исто одделение. Овие ученици останаа во исто одделение, бидејќи нередовно ја посетуваа наставата при што беа упатени на одделенски испит на кој не се појавија.

• Полугодишен и годишен извештај на училиштето; • Годишна програма за работа на училиштето;	Училиштето располага со комплетна документација за одделенските испити на учениците. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Водење на прецизна анализа за постигање на учениците според пол и етничка припадност. ○ Освојување на бројни награди од учество на натпревари од различен вид. ○ Остварување на успешна соработка со родителите и нивно навремено известување за напредокот и постигањата на учениците ○ Мал број, односно речиси и да нема ученици кои ја повторуваат годината ○ Успешна работа на наставниците со ученици со потешкотии во учењето и надарени ученици ○ Континуирано унапредување на наставниот процес од страна на наставниците и стручната служба со цел постигање на подобри резултати кај учениците.	○ Постигање на повисоки постигнувања во успехот и посетеноста на наставата на учениците од ромска заедница. ○ Подобра обученост на одредени наставници за работа со талентирани ученици. ○ Застареност и/или недоволна опременост на дел од кабинетите со сообремени наставни помагала и надгледни средства кои овозможуваат подобар квалитет во наставата. ○ Подобра обученост на дел од наставниците за користење на ИКТ технологии и современи методи и пристапи во наставата.
МОЖНОСТИ (**O**PPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (**T**HREATS)
○ Недоволно искористување на потенцијалите на наставниот кадар и талентираните ученици поради недостаток на соодветни ресурси по одредени предмети.	○ Се помал број на нови ученици, емиграцијата на луѓето.

Јаки страни

- ✓ Оценувањето на постигањата на учениците е засновано на Стандардите и критериумите за оценувањето дадени од БРО, Закон за основно образование и Наставните планови и програми;
- ✓ Воведена Нова концепција на Наставни програми во 1 и 4 одделение;
- ✓ По новата концепција обезбеден е кабинет по природни науки, нагледни средства по биологија, хемија и физика за подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците кои преку експериментите кои ги надгледуваат можат да го осетат ефектот на наставната програма.
- ✓ Учениците се интензивно вклучени во воннаставните активности;
- ✓ Училиштето има свои Критериуми за оценување на учениците;
- ✓ Се оценуваат стекнатите знаења, вештини и способности;
- ✓ Организирано, постојано следење на постигањата на учениците и соодветно реагирање на промените на истите;
- ✓ Изработени соодветни инструменти за следење на постигањата на учениците;
- ✓ Високообразуван, стручен кадар, со добра мотивација за работа и подготвеност за промени;
- ✓ Донесен е Правилник (Кодекс за однесување) за учениците, наставниците и родителите;
- ✓ Постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација;
- ✓ Учество на учениците во работилници за едукација од разни области организирани на ниво на државата;
- ✓ Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки);
- ✓ Јасна визија за идните правци на развој во училиштето;
- ✓ Уредна документација за показателите на постигањата на учениците, нивна анализа и споредбени резултати за успехот на крајот на секоја учебна година;
- ✓ Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;
- ✓ Училиштето има свој блог на кој се промовираат постигањата и активностите во училиштето;;
- ✓ Постигнуваме одлични резултати на натпреварите и конкурсите на кои учествуваме на општинско, државно и меѓународно ниво;
- ✓ Учениците учествуваат и на многу литературни конкурси, и читања со свои лични творби и имаме соработка со писателите од РС Македонија.
- ✓ Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците;
- ✓ Сите ученици завршуваат основно образование и се запишуваат во средно училиште;
- ✓ Соработка има и со стручната служба, подготовка, изработка и увид во индивидуалните образовни програми, изготвување на ИОП за учениците со посебни потреби од страна на наставниците;
- ✓ Функционирање на училиштниот инклузивен тим во рамките на нашето училиште;
- ✓ Зголемен број на образовни асистенти;
- ✓ Постојана опсервација на часови (инструмент за опсервација, за тоа како се распределени активностите, дали се планира за секој ученик, дневни цели и активности, како и времето кое е соодветно планирано за активностите);
- ✓ Водење евиденција, следење и анализа на напредокот на учениците со посебни потреби, од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим;
- ✓ Изработка на стратегии и консултации со стручниот и инклузивен тим за успешно спроведување и подобрување на процесот на инклузија кај учениците со посебни потреби, во нашето училиште;

- ✓ Подобрена функција на училишниот инклузивен тим, кој систематски работи на прашања, поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на истите;
- ✓ Подобра работна клима и соработка помеѓу учениците и учениците со посебни потреби;
- ✓ Целосна ангажираност и вклученост на учениците со посебни потреби во наставата, во воннаставните и слободните ученички активности, во соработка со стручната служба, училиштниот инклузивен тим и наставниците;
- ✓ Хуманитарни организации, донации и акции, во соработка со наставниците, учениците и родителите за социјално загрозени семејства, семејства загрозени од Ковид пандемијата, ученици на кои им е починат родител/старател, како и за потребите на училиштето (реконструкција, реновирање, снабдување со потребни материјали и средства);
- ✓ Максимална ангажираност и поддршка од страна на наставниците за реализација на наставата од далечина, преку користење сопствени ресурси, средства и интернет;
- ✓ Реновирање на централното училиште (фасада и дел од ентериерот);
- ✓ Зголемен библиотекарен фонд (дополнителни лектирни изданија, нагледни средства, глобуси, географски карти, итн);
- ✓ Детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);
- ✓ Континуирано следење на постигнување на ученици од различна полова, етничка припадност според наставни предмети подобрувања на постигнувања на ученици преку редовна , дополнителна и додатна настава;
- ✓ Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето;
- ✓ Опфатеност на ученците со воннаставните активности организирани во секции и групи.
- ✓ Целосен опфат на учениците според пропишаната реонизација;
- ✓ Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;
- ✓ Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.
- ✓ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците;
- ✓ Наставниците и стручните соработници преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
- ✓ За постигање на учениците, родителите се редовно известувани преку родителските средби,
- ✓ Меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор;
- ✓ Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста ;
- ✓ Успешна инклузија на ученици со посебни образовни потреби,
- ✓ Ефективна работа на стручната служба во училиштето;

Слаби страни

- ✓ Наставниците и стручните соработници не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;
- ✓ Недоволна обученост на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Училиштето нема стратегија за задржување на учениците кои што се осипуваат;
- ✓ Немање обуки за наставиот кадар за користење на смарт таблите.

Приоритети

- ✓ Поголема едукација на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми);
- ✓ Поголема едукација на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Сметаме дека е потребно поголемо следење и откривање на постигнатите цели кај учениците. Да се понудат повеќе активности каде што ќе се остварува поголема соработка помеѓу учениците,наставниците и родителите.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

2.1.Индикатор-Постигнувања на учениците

2.1.Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди:



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.7%	17.7%	2.6 %
НАСТАВНИЦИ	73.9%	23.9%	2.2%
РОДИТЕЛИ	59.8%	36.1%	4.1%

2.1. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	82.5%	16.9%	0.6%
НАСТАВНИЦИ	80.5%	18.4%	1.1%
РОДИТЕЛИ	66 %	29.9%	4,1 %

2.1.Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано орагнизира додатна настава за овие ученици		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	75%	18.8%	6.2%
НАСТАВНИЦИ	80.5%	19.5%	0 %
РОДИТЕЛИ	60.8%	32%	7.2%

2.1.Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	72.2%	19.6%	8.2%
НАСТАВНИЦИ	84.1%	14.8%	1.1%
Р Д ТЕЛИ	54.6%	34%	11.3%

2.1.Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	16.7%	2 %
НАСТАВНИЦИ	79.5%	20.5%	0 %
РОДИТЕЛИ	62.5%	32.3%	5 %

2.2.Индикатор-Задржување/осипување на учениците

2.2.Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
РОДИТЕЛИ	92%	8%	%
НАСТАВНИЦИ	82.3%	16.7%	1%

2.2.Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.4%	14.4%	6.2%
НАСТАВНИЦИ	78.2%	20.7%	1.1%
РОДИТЕЛИ	60.4%	34.4%	5.2%

2.3.Индикатор-Повторување на учениците

2.3.1.Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	86.5%	11.5%	2 %
НАСТАВНИЦИ	89%	8%	2.2%
РОДИТЕЛИ	87.4%	9.5%	3.1%

3. ПОДРАЧЈЕ БР. 3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Индикатори за квалитет:	**Тема:**
3.1 Планирања на наставниците	Поддршка и следење на планирањата на наставниците Индивидуални планирања на наставниците Размена на искуства и информации при планирањето Распоред на часови

3.2 Наставен процес	Наставни форми и методи Употреба на ИКТ во наставата Избор на задачи, активности и ресурси Приодот на наставникот кон учениците Следење на наставниот процес
3.3 Искуства на учениците од учењето	Средина за учење Атмосфера за учење Поттикнување на учениците за преземање одговорност Интеракција на учениците меѓу себе
3.4 Задоволување на потребите на учениците	Идентификување на образовните потреби на учениците Почитување на различните потреби на учениците во наставата
3.5 Оценувањето како дел од наставата	Училишна политика за оценување Методи и форми на оценување Користење на информациите од оценувањето во наставата
3.6 Известување за напредокот на учениците	Известување на родителите за напредокот на учениците

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Наставни планови и програми • Годишни и тематски планирања • Евидентни листови за следење од директорот и стручна служба • Извештаи од посетени часови • Интервју со директор и стручна служба • Распоредот на часовите на учениците • Евиденција на активностите кои учениците секојдневно ги реализираат на часовите • Контролните тестови кои се релевантен показател за	***Индикатор за квалитет:*** **3.1 Планирања на наставниците** Поддршка и следење на планирањата на наставниците; Индивидуални планирања на наставниците; Размена на искуства и информации при планирањето За успешна реализација на наставниот процес наставниците изготвуваат годишни, месечни и дневни планирања кои во себе ги содржат сите неопходни елементи за организација и реализација на часот. Наставниците изготвуваат планирања, како за задолжителните предмети, така и за изборните предмети, за додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Оние наставници кои имаат ученици со посебни потреби во своето одделение, изработуваат и Индивидуални образовни планови (ИОП) за тие ученици. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Изготвените планирања се доставуваат кај стручната служба, каде се води евиденција и се даваат насоки за евентуални корекции. Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Тој се состои од инструменти со кои се докажува дека се прегледани годишните и тематските планирања, како и инструменти за посета на час од страна на стручната служба и директорот. Исто така, во планирањата на наставниците и Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува голема подршка, со цел вградување на целите од образованието за меѓуетничка интерграција во истите. На оние наставници кои имаат ученици со посебни потреби во своето одделение и треба да изработат Индивидуални образовни планови (ИОП) за тие ученици, Инклузивниот тим им обезбедува постојана и континуирана подршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции. На почетокот на учебната година годината, директорот и стручната служба извршуваат увид во глобалните и тематските планирања по наставните предмети. Исто така, се прави и увид во дневните подготовки на наставниците во текот на учебната година при посета на часови. Директорот најмалку два пати во учебната година следи реализација на наставни часови. При посета на час прави увид во планирањата на наставниците, нивната усогласеност со наставниот план и програма, реалиазција на часот и др. Сите опсервации се забележуваат во формулар и на тој начин наставниците добиваат увид во успешноста на часот. Стручната служба еднаш годишно, а по потреба и почесто присуствува на час, при што ја следи

напредокот на учениците • Евидентните листов и кои го содржат стекнатиот успех на учениците, а изготвени од страна на наставниците • Анкета за наставници • Анкета за родители • Анкета за ученици	методологијата на часот, прави проверка на дневните и тематските планирања на наставниците. Најмалку два пати годишно се следи работата во одделенските дневници на сите одделенија од страна на стручната служба и директорот на училиштето. Голем дел на наставниците извршија и сертификација на својата работа, а во 2020-2022 г. одделенските и предметните наставници следеа повеќе обуки и семинари за усовршување на професионалниот развој кои најмногу се однесуваа на успешно спроведување на онлајн настава, која во тој период беше неопходна поради Ковид-19, дел од нив се следниве обуки: • Обука за Microsoft Teams • Работа на Национална платформа • Обуки Користење на Едуино платформата • Онлајн курс на тема Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење • Обуки за користење на сите алатки од Microsoft teams • Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams Распоред на часови Врз основа на соодветно подготвените планирања кои се јасни, недвосмислени и во целост ги опфаќаат целите кои треба да се реализираат преку наставниот процес следи изработка на распоред на часовите кој е во согласност со целите на наставниот процес и кој ќе овозможи учениците да ги стекнат потребните знаења и вештини утврдени со Наставниот план и програма. Самиот распоред вклучува и часови предвидени за додатна и дополнителна настава, како и за слободни часови / проектни активности кои овозможуваат ученикот да го подобри, продлабочи своето знаење по однос на содржините предвидени со Наставниот план и програма сé со цел стекнатите знаења и вештини во иднина да ги примени во секојдневниот живот. Распоредот на часови се изработува во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. При изготвување на истиот се води сметка за искористеноста на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу одделенијата и часовите за дополнителна и додатна настава. Изготвениот распоред за задолжителните и изборни предмети како и за додатна и дополнителна настава се под опсервација на Директорот и стручните служби на Училиштето, како и на просветните инспектори.

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Дневни подготовки • Годишен извештај за работата на училиштето • Дневни планирања, готови изработки, тематски планирања, портфолио, извештаи. • Разговор со психолог • Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час • Анкета за наставници • Анкета за родители • Анкета за ученици	***Индикатор за квалитет:*** **3.2 Наставен процес** Наставни форми и методи При реализација на наставата наставниците користат разновидни наставни форми,методи и техники на работа во зависност од содржината на наставниот материјал и креативноста на наставникот. Од формите за работа повеќето наставници ги користат фронталната, групната и работата во парови (тандем), а од наставните методи монолошки, дијалошки, текст-метод, демонстрација, експеримент и друго. Често и успешно се користат и методите и стратегиите за развивање на критичкото мислење. Поголемиот дел од наставниците при реализација на наставните содржини ги користат и техниките: петторед, грозд, вокабулар во четири агли, коцка, бинго, дебатна техника, аквариум, стоп техника, читање на глас и др. како и употреба на компјутерите во наставата. Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго во зависност од наставната содржина и можностите на ученикот). Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура на идеи и други. Меѓутоа, поради пандемијата, овие две години изработката на групните проекти беше во помал број, поради протоколите кои ги наметна пандемијата. Во работата со учениците со посебни потреби и потешкотии во учењето најчесто се користи индивидуалниот пристап и индивидуализација на наставата, како и работа во пар, со цел да добијат помош од подобар ученик. Од последната учебна година учениците кои работат по ИОП добија и образовен асистент кој учествуваше во работата на часовите. Употреба на ИКТ во наставата Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и нив ги применуваат во наставата. Се користат информации од интернет до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ-проект, кој потоа го презентираат пред соучениците и ученици од други училишта. Избор на задачи, активности и ресурси Задачите што се работат во училиште или дома се поврзани со работата на учениците за време на часовите. Поголем број од наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на поголемиот број ученици. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата,

	повеќето наставници даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка. Приодот на наставникот кон учениците Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди. Учениците (машки и женски) имаат подеднаков третман во секој поглед и нема стереотипи за нивните активности. Наставниците ги споделуваат со учениците целите на реализација на еколошки проекти и точки на акција. Заеднички се подготвуваат за собирни акции на пластична амбалажа,стара хартија и тетрапак амбалажа. Еко-патролите редовно ја следат состојбата на терен. Исто така, во изминатиот период се имаат реализирано поголем број на самостојни МИО активности, како и одредени заеднички активности со ученици и наставен кадар од партенер училиштето. Сите наставници за време на часот, на одморите и сите други воннаставни активности промовираат меѓусебно почитување и соработка без разлика на нивниот пол, верска и етничка припадност. Родителите сметаат дека наставниците подеднакво ги третираат учениците од различен пол, етничка припадност и социјално потекло. Следење на наставниот процес Работата на наставниците перманентно се следи преку посета на наставните часови од страна на директорот и стручната служба и се прават конструктивни разговори со наставниците. Најмалку еднаш годишно директорот и стручната служба одат на посета на час со изработени инструменти за следење на наставниот час. За посетата на истиот постои инструмент со која цел била посетата, како и извештај од опсервацијата. Разултатите од таквото оценување се користат со цел подобрување на планирањето и подобрување на воспитно-образовната работа на наставникот.

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкета за наставници • Анкета за родители • Анкета за ученици • Програма за работа на ученичката заедница • Награди • Дипломи	***Индикатор за квалитет:*** **3.3 Искуства на учениците од учењето** Средина за учење Нашето училиште и повеќето простории во него се убаво уредени и според исказите на поголем број на ученици мотивираат за работа и учење. Учениците ги доживуваат училниците како и другите простории во училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и е применливо и корисно во реалниот живот. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои родова поделеност во училиштето. Атмосфера за учење Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Трудовите од учениците се изложуваат во училниците и кабинетите, како и на паноа наменски направени за изложби. Истите редовно се менуваат во зависност од наставните содржини, како и од државните и верските празници. Се почитува правилото дека секој ученик има подеднаква можност да има свој изложен труд. Освен на паноата во училиштето, сите награди и трудови се изложени на блогот на нашето училиште. Во последните две учебни години поради пандемијата голем дел од натпреварите се одржуваа онлајн. Поттикнување на учениците за преземање одговорност Според учениците, начинот на кој се оди во училиште е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанското, демократското и мултикултурното општество. Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и

	почитување на различностите. Интеракција на учениците меѓу себе Учениците земаат активно учество во проектни активности преку набљудување и истражување, еко-трибини, натпревари, квизови, дебати и друго. Еколошката свест на учениците континуирано се проширува преку еко-активности, изготвување на постери за здрава храна и екологија, предавања за здрава храна и физичка активност од стручни лица и друго. Исто така и свеста на учениците за меѓуетничка интеграција е се на повисоко ниво преку активностите на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Континуирано се работи и на професионалната ориентација на учениците, училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно особеностите, способностите и афинитетите на учениците.

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Постигнат успех евидентиран во Е-дневник • Евидентни листи за следење на наставен час • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	*Индикатор за квалитет:* 3.4 Задоволување на потребите на учениците Идентификување на образовните потреби на учениците; Почитување на различните потреби на учениците во наставата Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Образовните потреби на учениците се идентификуваат за време на наставата преку: следење на активностите на учениците на наставните часови, анализа на постигнатиот успех, резултати од писмени проверки, писмени задачи, работни листови, учество во изработка на проекти преку истражување и набљудување, избор на дополнителна настава и вклученост во слободни ученички активности. На тој начин на учениците им даваме можност да развиваат одговорност за своето однесување, развој на мислењето, самодовербата, самостојност и друго. Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини според можностите и интересите на учениците и на тој начин учениците ги развиваат своите потенцијали најдобро што можат. Континуирано се спроведуваат стручни консултации меѓу наставниците, директорот и стручната служба, се организираат семинари, се вршат размена на искуства и идеи меѓу наставниците. Голема поддршка се и посетените семинари организирани од МОН, БРО, УСАИД и други институции и здруженија.

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Користени • инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи) • Електронски дневник • Евидентни листови • Свидетелства • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	*Индикатор за квалитет:* 3.5 Оценувањето како дел од наставата Училишна политика за оценување Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето на учениците се врши според критериумите и стандардите за оценување, пропишани од БРО на РСМ. Оценувањето на учениците со посебни образовни потреби се врши според планираните цели во Индивидуалниот образовен план. Со истите, учениците се запознаваат на почетокот на учебната година, а родителите се информираат на првата родителска средба. Учениците се оценуваат бројчано и описно врз основа на усното изразување и резултатите добиени од тестови, контролни задачи, писмени работи и слично. Учениците од I до III се оценуваат описно, од IV до VI се оценуваа описно на првиот и третиот класификационен период и бројчано со оценки на крајот од првото полугодие и на крај од учебната година. Учениците од VII до IX се оценуваат само со бројчани оценки во сите класификациони периоди. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. Методи и форми на оценување Поголем дел од наставниците користат различни инструменти, форми и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно). Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е јавно, праведно и транспарентно. Повеќето наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Користење на информациите од оценувањето во наставата Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците, како и извештаи и анализи за секој класификационен период. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето во наставата.

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Тестови на знаење • Е-дневник • Евидентни листи за оценување • Свидетелства • Евиденција на наставници за оставарени средби и соработка со родители • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	*Индикатор за квалитет:* 3.6 Известување за напредокот на учениците Известување на родителите за напредокот на учениците Континуирано во текот на целата учебна година преку индивидуални, групни родителски средби и приемен ден за родители, секој понеделник, се врши извесување на родителите за напредокот на нивните деца. Училиштето дава транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно, а за таа цел се користат добро организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите. Индивидуалните средби со родителите се одржуваат по иницијатива на родителот, раководителот на паралелката или стручните соработници. На средбата родителите се информираат за напредокот и поведението на нивните деца. Но, во изминатите две години отворените денови беа изоставени поради пандемијата со Ковид-19, па затоа родителските средби главно се реализираа онлај на платформата Microsoft Teams. Во текот на учебната година во училиштето се организираат најмалку пет родителски средби кои во изминативе две години се одвиваа онлај на платформата Microsoft Teams, на кои родителите се запознаваат со наставните планови и програми, се разговара за успехот и поведението на учениците, за можните проблеми во паралелката како и тековните активности во училиштето. Родителските средби се организираат на почетокот на учебната година и по секој класификационен период и на истите родителите добиваат евидентни листи за успехот на нивните деца. Електронскиот дневник е најтранспарентниот веб портал на училиштето, од каде родителот може лесно да пристапи и да добие целосна информација како за успехот, редовноста на своето дете, така и за оценките по предмети, од писмени работи, слободни активности и други образовни активности.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи кое е во согласност со насоките добиени од Бирото за развој на образованието и МОН. ○ Сите наставници имаат изготвени годишно-глобални и тематско-процесни планирања, како и дневни подготовки според укажувањата од страна на советниците од Бирото за развој на образованието а по предлог на МОН. ○ Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето ○ Распоредот на часовите на учениците се прави според реалните услови во училиштето, притоа внимавајќи да се овозможи непречен наставен процес. ○ Се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата) ○ Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. ○ Наставниците користат современи приоди во наставата, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. ○ Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите. ○ Навремено внесување податоци во е-дневникот со цел навремено информирање на родителите за постигањата на нивните деца како и нивната редовност. ○ Индивидуални средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати во учењето или не ги почитуваат правилата за примерно однесување во училиштето.	○ Потреба од поголемо поттикнување на учениците за преземање одговорност за своите постапки, како предуслов за успешен наставен процес . ○ Послаба посетеност на родителските средби од страна на проблематичните и послаби ученик ○ Поголемо вклучување на учениците во процесот на самооценување, се со цел развивање на чувство на критичност и самокритичнос

○ Училиштето има усогласени критериуми за оценување ○ Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година ○ Училиштето ги применува законските прописи , критериумите и стандардите за оценување ○ Училиштето има програма за оценување и тим за следење и анализа на напредокот ○ Се користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано се следи развојот на ученикот ○ Оценувањето е транспарентно ○ Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. ○ Наставниците систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, а за пречките во процесот на учење на секој ученик се преземаат активности за нивно отстранување ○ Се користат различни наставни техники и ментални стратегии со што им се дава можност на учениците да ја развиваат својата креативност во најлесно и најбрзо усвојување на знаења ○ Во оценувањето се користат различни техники со што се мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. ○ Училиштето е стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. Има добра училишна атмосфера во која се остварува одлична соработка меѓу учениците и вработените во училиштето. ○ Нашите наставници се насочувачи , поттикнувачи и имаа мотивирачки пристап кон учениците ○ Добра интеракција меѓу учениците и наставниците ○ Реално, транспарентно и објективно оценување	
МОЖНОСТИ (**O**PPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (**T**HREATS)
○ Поголема соработка меѓу наставник-родител-ученик	○ Послаба посетеност на родителските средби од страна на

○ Реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства	родителите на проблематичните и послаби ученици

Јаки страни

- ✓ Наставниците навремено изготвуваат годишни, месечни и дневни планирања кои во себе ги содржат сите неопходни елементи за организација и реализација на часот;
- ✓ Навремено и транспарентно се изготвува распоред за задолжителни и изборни предмети,како и за додатна и дополнителна настава;
- ✓ Изборните предмети, се избираат навремено согласно постапките, предвидени, со Законот за основно образование, како и избор на втор странски јазик;
- ✓ Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- ✓ Училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите;
- ✓ Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците;
- ✓ Наставниците редовно и навремено во текот на целата учебна година ги информираат родителите за постигањата на учениците;

Слаби страни

- ✓ Недоволната примена на ИКТ во наставата кај пооделни наставници, незаинтересираноста кај поедини ученици и родители за реализација на наставниот процес;
- ✓ Недоволна обученост на наставниот кадар за користење на информатичка техлогија (работа со смарт таблите);
- ✓ Проблеми при ажурирање на податоци во Е-дневникот;

Приоритети

- ✓ Обезбедување на нови техники и методи за продлабочување на знаењата;
- ✓ Обезбедување на соодветни поттикнувачки инструменти кои ќе го зголемат и поттикнат интересот за учење кај учениците;
- ✓ Поголема соработка и комуникација помеѓу наставник – родител и наставник – ученик, како и родител – ученик.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

3.1.Индикатор-Планирања на наставниците

3.1.Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.4%	13.4%	7.2%
НАСТАВНИЦИ	83%	17%	0 %
РОДИТЕЛИ	63.8%	34%	2.2%

3.1.Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.4%	18.6%	2%
НАСТАВНИЦИ	89.8%	10.2%	
РОДИТЕЛИ	68.4%	29.5%	2.1%

3.2.Индикатор-Наставен процес

3.2.Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	78.4%	17.5%	8.1%
НАСТАВНИЦИ	86.4%	12.5%	1.1%
РОДИТЕЛИ	64.2%	30.5%	5.3%

3.2.Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и нив ги применуваат во наставата.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	77.3%	17.5%	5.2 %
НАСТАВНИЦИ	75%	22.7%	2.3%
РОДИТЕЛИ	61.9%	37.1%	1 %

3.2.Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.4%	15.5%	3.1%
НАСТАВНИЦИ	84.1%	15.9%	
РОДИТЕЛИ	59.8%	36.1%	4.1%

3.2.Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	76%	21.9%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	84.1%	15.9%	%
Р ДИТЕЛИ	63.9%	30.9%	5.2%

3.3.Индикатор-Искуства на учениците

3.3.Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.		

	СЕ СОГЛАСУВ М	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.2%	19.8%	1 %
НАСТАВНИЦИ	83.9%	14.9%	2.2%
РОДИТЕЛИ	61.1%	30.8%	8.1%

3.4.Индикатор-Задоволување на потребите на учениците

3.4.Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	78.1%	17.7%	4.2%
НАСТАВНИЦИ	78.4%	21.6%	0.6%
РОДИТЕЛИ	68%	30.9%	1.1%

3.4.Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.1%	17.9%	1 %
НАСТАВНИЦИ	81.8%	18.2%	0%
РОДИТЕЛИ	55.2%	41.7%	3.1%

3.5.Индикатор-Оценувањето како дел од наставата

3.5.Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	77.1%	20.8%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	82.8%	16.1%	1.1%
РОДИТЕЛИ	69.1%	28.9%	2 %

3.5.Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	80%	15.8 %	4.1 %
НАСТАВНИЦИ	81.8 %	17%	2.2 %
РОДИТЕЛИ	66%	29.9 %	4.1 %

3.5.Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. учениците.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	74%	22.9%	3.1%
НАСТАВНИЦИ	79.5%	19.3%	1.2%
РОДИТЕЛИ	66.7%	31.3%	2%

3.6.Индикатор-Известување за напредокот на учениците

3.6. За постигнувањата на учениците училиштето дава транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно, а за таа цел се користат добро организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	74%	24%	2 %
НАСТАВНИЦИ	84.1%	14.8%	1.1%
РОДИТЕЛИ	68%	28.9%	3.1%

4. ПОДРАЧЈЕ БР.4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Индикатори за квалитет:	**Тема:**
Свкупна грижа за ученици	Заштита од физички повреди и елементарни непогоди Превенција од насилство Заштита од пушење, алкохол и дрога Квалитет на достапна храна Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

Здравје	Хигиена и заштита од болести Грижа за ученици со здравствени проблеми
Советодавна помош за натамошно образование	Давање помош при избор на занимањето/
	институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување Грижа за ученици со емоционални потешкотии
Следење на напредокот	Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците Анализа на напредокот на учениците по паралелки

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни листови за наставници, родители, ученици • План за евакуација • Работен дневник • Записници систематски прегледи • Чек листи од	***Индикатор за квалитет:*** **4.1 Севкупна грижа за учениците** Заштита од физички повреди и елементарни непогоди Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебелот,скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, спортската сала, тоалетите и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. За безбедноста и заштитата на учениците и сите вработени во училиштето има изработен и план за движење при евакуација, кој се однесува на безбедноста во училишната зграда и безбедноста во училишниот двор за време на часовите и одморите. Планот за евакуација е поставен на видни места во училиштето со поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат како да се стигне до нив. Во училиштето има поставено и видео надзор, сé со цел зголемување на безбедноста на сите присутни во училиштето додека престојуваат во него. Исто така, сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, истите редовно се сервисирани и се проверени ПП апаратите. Двапати годишно, училиштето, изведува симулација во случај на елементарни непогоди. Повеќето наставници се обучени за употреба на ПП апарати, а обуката беше спроведена од страна на стручни лица. Секој ден има дежурни наставници кои се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците. Училиштето има два влеза еден главен за наставници и еден споредeн за ученици, но за време на Ковид, преку почитување на сите протоколи и на двата влеза влегуваа ученици и наставници. Распоредот на дежурства и Кодексот на однесување се истакнати на видно место. За безбедноста надвор од училиштето

ДПИ • Правилник • Предавања од стручни лица • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба	соработуваме со локалната самоуправа. Пред почетокот и крајот на часовите, како и за време на големите одмори има патрола од страна на службено лице од МВР кое многу придонесува за безбедноста на сите ученици. Училиштето има склучено соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета од 15.12.2021 г. SAVA осигурување,бр. на полиса ор-00725454. Во училиштето е спроведена постапка на осигурување на материјални средства(ИКТ,мебел,нагледни средства и останати ресурси) од 15.12.2021 г. SAVA осигурување,бр. на полиса ор-00725454.Училиштето го плаќа осигурувањето и нема жалбени постапки поради неисполнети обврски од склучен договор со осигурителна компанија. Превенција од насилство Во училиштето се забранети сите видови на физичко и психичко насилство. Училиштето користи позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно. Училиштето има свој кодекс на однесување, на учениците, наставниците и другите вработени во училиштето, кој е истакнат на видно место во училишната зграда, каде што може секој да го прочита. Кодексот на однесување на наставниците, учениците и родителите се презентира секоја учебна година на првите родителски средби. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно со родителите, стручните соработници и со релевантни институции. Психолозите реализираат со учениците работилници за превенција од насилство, разрешување конфликти, предрасуди и стереотипи, безбедно на интернет, сајбер насилство, врсничко насилство-булинг, превенција од насилно однесување, работилници за развивање на емоционалната интелегенција и креативно мислење. Нашето училиште е дел и од проектот за Училиште без насилство, и тимот кој работи на истиот има изготвено предлог содржини кои се однесуваат на ненасилно однесување, речиси за секој наставен предмет, но сепак најголемиот дел од нив се однесуваат на ОЖВ кои класните раководители ги планираат во своите годишни програми, тематски и дневни планирања и ги спроведуваат задолжително на одделенските часови. Преку овие работилници учениците се запознаени со своите права и начинот како да постапат при нарушување на истите. Работилници и советувања со учениците кои манифестираат разни облици на несоодветно однесување, неоправдани изостаноци и слаб успех, организира и реализира психологот според својата годишна програма и програмата за намалување на насилството во училиштето. За постоењето на помош од психолошка служба, учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од страна на одделенските раководители на одделенскиот час, родителите на родителските средби и Советот на родители. За решавање на разни проблеми на децата, психологот разговара и со родителите, спроведува работилници и програма за советување на родители кои се пропишани со закон. За ученици за кои постои сомневање дека се физички или психички злоупотребени, известувањето се врши преку наставникот кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици до одделенскиот раководител, кој го упатува до училишниот психолог (каде добива соодветната стручна помош или пак ученикот се упатува во соодветна институција на локалната заедница, а воедно се контактира и разговара и со родителот на ученикот). Ваквиот пристап му помага на ученикот полесно да ги надмине последиците. Училиштето има свој „Правилник за видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците“, и доколку

има несоодветно однесување од страна на ученици на Наставничкиот совет им се изрекува соодветна педагошка мерка. Училиштето има остварено соработка со МВР и МОН. Училиштето има изработено Програма за превенција од насилство, која ја спроведува тимот и наставниците. Преку остварената соработка со МВР секоја година се спроведуваат работилници за заштита на децата во сообраќајот со учениците од II до IV одделение.

Во училиштето се вршат едукативни предавања и работилници за превенција од насилство на одделенските часови.

Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето се надминуваат преку разговорите со оделенските раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции.Заштита на учениците во училиштето е насочена кон безбедно следење на наставата во просториите.

Најголем број наставници и родители и поголем број ученици го одбираат тврдењето дека училиштето е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина за реализација на наставата и престој на учениците.

Заштита од пушење, алкохол и дрога

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.

Училиштето има соработка со МВР и Центар за социјални грижи. За родителите и учениците во училиштето се организираат предавања од стручни лица од МВР и работилници од училишниот психолог за превенција од пушење, алкохол, дрога и пиротехнички средства. Ваквите предавања се од голема корист за учениците и родителите за да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата, и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците.

Дополнителна едукација, за превенција од дрога и насилство учениците добиваат по одделни предмети и работилници кои ги реализира стручната служба. Училиштето ги штити учениците од насилство и злоупотреба. Училиштето има пропишани политика и процедури за регистрирање на појава на пушење, алкохолизираност и користење на наркотични супстанци во училиштето,. Училишниот психолог реализира работилници со учениците на тема „Превенција од зависности“ за психоедукација на учениците за опасности од користење на цигари, алкохол и наркотични средства. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнато занаци за забрана за пушење.

Квалитет на достапна храна

Поради немање просторни капацитети, училиштето не обезбедува храна за учениците, тие сами си ја обезбедуваат, но секако кампања за здрава храна вршат сите наставници во текот на одделенските часови и преку часови каде имаат интеграција на еколошката едукација.

	Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за учениците со пречки во развојот и настојува во потикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Во училиштето има специјален едукатор и рехабилитатор и се обезбедени асистенти за помош на ученици со ПОП. Пристапот во централното училиште не е сосема прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, нема пристапна рампа на самиот влез на училиштето, не можат да влезат без дополнителна поддршка. Оваа категорија на ученици непречено можат да се движат во дворот на училиштето. Внатрешните скали не се прилагодени за потребите на оваа категорија ученици, па затоа наставата се изведува само на првиот кат. Во другиот матичен објект, наречен Партизан, пристапна рампа има обезбедено на задниот влез, така да таму учениците слободно можат да се движат во училиштето. Од страна на стручната служба, учениците и наставниците, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е потребно. Идентификацијата на учениците со емоционална попреченост и други проблеми ја вршат наставниците, психолошката служба и инклузивен тим. За да им се помогне на овие ученици наставниците и педагошко - психолошката служба имаат индивидуален пристап во работата. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. За оценување на потреби од помош за ученици од социјално загрозени семејства, училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и одделенските раководители. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност. Овие ученици најголема поддршка добиваат од разговорите со одделенскиот раководител и психологот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Училиштето преку ученичката заедница и Црвениот крст на училиштето организира неколку пати годишно хуманитарни акции со цел материјално (парично или донации во храна, облека и средства за лична хигиена) да им се помогне на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето помага за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставни и воннаставни активности (екскурзии, натпревари, театарски претстави, облека, храна). Наоѓаме бројни докази за помош на социјално загрозените ученици и нивните семејства во записи за реализирани активности за општествено-корисна работа, евидентирани акции за собирање на облека, храна, училишен прибор, средства за хигиена.

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни листови за наставници, родители, ученици • Работен дневник • Записници од систематски прегледи • Предавања • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба • Годишна програма за работа на училиштето • Годишен извештај • Програма за работа на раководител на паралелка • Записници од органите на училиштето	***Индикатор за квалитет:*** **4.2 Здравје** Хигиена и заштита од болести Во училиштето се води грижа за хигиената. Училиштето располага со правилник за работа на персоналот, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности. Училниците се чистат по големиот одмор, пред и по часовите. Тоалетите за наставниците и учениците се одржуваат тековно. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот простор се чистат по часовите. Прозорците и вратите се чистат тековно. Двете училишни згради генерално се чистат за време на зимскиот и летниот распуст, а по потреба и во текот на годината. За подобрување на хигиената во училиштето, реновирани се поголем дел од санитарните чворови, дезифицирани и варосани се голем дел на училници. Дворот во училиштето секојдневно се чисти од отпадоци и се споведуваат акции за чистење на истиот. Во дворот на училиштето и во секоја училница, како и во холовите има корпи за отпадоци. Земјените површини во училишниот двор редовно се одржуваат. Ходниците, скалите, подот, мебелот во училниците се чистат секој ден, додека прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот во училиштето секојдневно се чисти од секаков вид отпадоци и сите земјени површини редовно се одржуваат од страна на техничкиот персонал, хаус мајсторот, како и од страна на учениците и наставниците при спроведување на одредени еколошки активности. Во училиштето на почетокот на секоја учебна година од страна на стручни лица, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите простории на училиштето, зашто постои потврда за извршување на истата. По потреба, во случај на епидемии од грип, сипаници, Корона 19 и други болест дезинфекција се врши и повеќе од два пати во годината. Одделенските и предметните наставници, секојдневно доставуваат извештај за отсутни ученици, до стручната служба, а пак стручната служба овие информации ги доставува до санитарната инспекција. Училиштето има свој Еко-одбор, кој има изготвено своја програма за интеграција на еколошката едукација во наставата и има назначено свои одговорни наставници. Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција, материјали за прва помош - како доказ постојат фактурите за набавка. Училиштето има изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи, редовното вакцинирање на учениците, редовни предавања за грижа за здравјето, запознавање со болести и начините на препознавање и др. активности. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и

• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата • Педагошка евиденција и документација	дезинфицирани во секое време од денот. Грижа за учениците со здравствени проблеми Вработените во училиштето еднаш годишно вршат санитарен преглед. Учениците редовно ги обавуваат потребните систематски прегледи, систематски преглед за заби и редовно вакцинирање според возраста и календарот за вакцинација. На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува следење на адаптирана програма за надоместување на пропуштениот материјал, а по потреба и полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето соработува и со релевантни институции кои организираат предавања за превенција на болести и хигиена на забите и бесплатен преглед за учениците. Постои и соработка со родителите, кои по струка се доктори и стоматолози, кои доставуваат информативни материјали за заштита на здравјето на учениците. Наставниците по физичко и здравствено образование во согласност со програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина и држење на телото кај учениците. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со учениците кај кои се забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица. При појава на епидемии (грип, морбили..) и прогласената пандемија со Ковид 19, стручната служба и одделенските раководители подготвуваат и реализираат предавања и разговори со учиниците за опасностите од болеста, начини на нејзина трансмисија и превенција. Во годишната програма на училиштето постои програма за здравствена заштита на учениците. При појавата на епидемијата Ковид 19 , како и при појава на одредени сезонски грипови училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба редовно ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата учениците, родителите и наставниците. Се спроведува посебен режим на однесување, како во училиштето така и надвор од училиштето, сé со цел навремено откривање и побрзо сузбивање на болеста. Се даваат насоки за редовно миење на рацете, редовна дезинфекција, конзумирање здрава храна. Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето на ученици поради болест и врз основа на тоа се преземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата. Одделенските и класните раководители во дневникот редовно водат евиденција за отсуствата на учениците и доколку отсуството е подолго веднаш се остварува контакт со родителот.

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни листови за наставници, родители, ученици • Презентации од средни училишта • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба • Евидентни листови за следење на постигањата на учениците • Одделенски дневник • Педагошка евиденција и документација • Евиденција на заминати новодојдени ученици • Програма на Советот на родители • Правилник за педагошки мерки	***Индикатор за квалитет:*** **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување Училиштето обезбедува професионално советување и кариерна ориентација со информирање за можностите за понатамошно образование, доусовршување или натамошно вработување по завршување на средно училиште. Учениците и родителите се информираат преку работилници, промотивни материјали како флаери, презентации од страна на стручни лица од средните училишта. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можноста за понатамошно образование. Психологот реализира Програма за професионална ориентација со учениците од IX одделение преку работилници, советувања и разговори со учениците за нивната професионална ориентација. Освен тоа се организираат посети или онлајн средби на средни училишта и високообразовни институции. Учениците и родителите се задоволни од добиените информации кои значително им помагаат при почетното насочување во идната професија. За професионала ориентација на учениците училишниот психолог врши соодветни тестирања. Училиштето им помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование преку следење на нивниот успех, покажаните интереси и способности, утврдување на нивните намери за продолжување на школувањето. Инклузивниот тим работи на професионална ориентација на учениците со посебни образовни потреби и помош при избор на понатамошно занимање според способностите, интересите и можностите на учениците. Грижа за учениците со емоционални потешкотии Училиштето (директор, наставници, стручна служба) има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни трауми и сл.) Грижа за ученици со емоционални потешкотии се спроведува согласно училишна процедура. Стручната служба и одделенските раководители континуирано работат на откривање на ученици со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, трауми и сл). За таа цел се планираат и реализираат содржини за ранлива група на ученици по препорака на одделенскиот раководител, совет на предметни наставници, стручна служба и во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. За остварување на овие активности училиштето соработува со Центарот за социјална работа како и со високообразовни институции за поддршка на наставниците во планирање и реализација на наведените содржини. Психологот реализира работилници за

• Програма на психолог • Програма за професионална ориентација на учениците од завршните одделенија	стимулирање на емоционалната интелегенција, како и индивидуални советувања со ученици, а по потреба и со родители на ученици со емоционални потешкотии. За состојбата на учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл. покрај одделенските раководители се информира и психолошката служба , кои работат тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Училиштето се грижи за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (семејно насилство, разведени родители, семејна негрижа и др.). Психолошката служба превзема соодветни активности, разговори и упатување на тие ученици и нивните родители до релевантни институции.

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Педагошка евиденција и документација • Службена евиденција на педагошко-психолошката служба во училиштето • Е-дневник • Свидетелства • Извештаи по класификациони периоди • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	*Индикатор за квалитет:* 4.4 Следење на напредокот Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците Од досегашните истражувања осознавме дека наставниците од нашето училиште реализираат континуирано оценување - формативно и сумативно и при тоа водат уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањата на новите знаења. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците. Наставниците и психологот водат уредна евиденција за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. Целокупната евиденција им е достапна на родителите и наставниците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за успех, редовност и поведение на учениците. Секој наставник води ученичко портфолио за секој ученик во кое се чуваат изработки, творби, задачи, тестови кои ученикот ги изработил на тромесечија, полугодија. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците. Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручните соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки. Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесувааат се поканууваат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето. Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по пол, предмети и етничка припадност. На

	учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот заведена во Деловникот на училиштето, писмена согласност за префрлување во друго училиште и согласност за прифаќање од другото училиште. Со воведувањето на Е- дневник наставниците и класните раководители континуирано во текот на целата година ги евидентираа сите податоци достапни во истиот (идентификациони податоци за ученикот, оценки, изостаноци, поведение, проектни активности и др.). Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класниот час, родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно – на индивидуални средби со класниот раководител и предметните наставници, писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците на секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година и по електрпнски пат во Е - дневник, со кој се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца. Анализа на напредокот на учениците по паралелки Успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата учебна година, преку формативно и сумативно оценување. Секој наставник има чек листи за следење на напредокот на учениците каде што се забележуваат постигнувањата на учениците преку усни одговори, писмени работи, проекти, наставни листови. Учениците кои покажуваат солиден успех и висок пласман на натпревари се наградени од училиштето со пофалници. Сите наставници имаат приемен ден (понеделник) за родители на кој родителите се информираат за постигнувањата на учениците. На редовната седница на Советот на родители се претставува и годишната програма за работа со учениците. За учениците со ПОП наставникот изработува индивидуални образовни програми кои ги доставува кај стручната служба. Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесувааат се поканууваат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Рамноправна и севкупна грижа за сите ученици, без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност; ○ Кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите ○ Советодавна помош на учениците и на родителите; ○ Грижа за безбедноста на учениците од страна на наставниците; ○ Соработка со МВР, Општина Штип, Црвен крст и невладини организации; ○ Соработка со родителите на учениците; ○ Одржување на хигиената во тоалетите и просториите во училиштето; ○ Редовно чистење и уредување на училишниот двор како и украсување на холот ,катчињата во училиштето; ○ Информирање на учениците за видовите на училишта и советодавна помош за нивното понатамошно образование; ○ Грижа за стекнување на животни вештини, за емоционалниот, социјалниот и севкупниот развој на личноста на ученикот; ○ Грижата на учениците со емоционални потешкотии; ○ Континуирано следење на напредокот на учениците; Следење, стимулирање и наградување на учениците за постигнување на повисоки резултати; ○ Популаризирање на талентирани ученици преку избор на првенец на генерација; ○ Соработка со Агенцијата за професионална ориентација на учениците. ○ Организирање на спортски активности кои придонесуваат за здравјето на учениците; ○ Грижа за ненасилно однесување на учениците; Грижа за развој на сензибилитетот низ активности за меѓуетничка интеграција на учениците;	○ Услови во училиштето, старата кровна конструкција треба да се замени со нова и дел од мебелот во училниците и кабинетите; ○ Нерасполагање на соодветна стручна литература за работа со деца со посебни образовни потреби; ○ Непостоење на модифицирани наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби; Незатоплена сала; ○ Дел од подрачните училишта се затоплуваат со печки на дрва. ○ Во училиштето нема обезбедено компјутерско водење на досие на учениците од предметна настава

○ Услови во училиштето, старата кровна конструкција треба да се замени со нова и дел од мебелот во училниците и кабинетите; ○ Нерасполагање на соодветна стручна литература за работа со деца со посебни образовни потреби; ○ Непостоење на модифицирани наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби; ○ Незатоплена сала; ○ Дел од подрачните училишта се затоплуваат со печки на дрва. ○ Во училиштето нема обезбедено компјутерско водење на досие на учениците од предметна настава. ○ Надградување на еколошката свест кај учениците со реализирање на еко активности Квалитетна настава и стручен кадар; ○ Училиште со голем потенцијал на знаење; ○ Грижа и заштита на учениците; ○ Постигање на врвни резултати во многу области; ○ Учество во проекти, натпревари, настани организирани од училиштето;	
МОЖНОСТИ (**O**PPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (**T**HREATS)
○ Заштита од физички повреди и елементарни непогоди; ○ Обезбедување на награди за поголем број на успешни ученици и ученици кои постигнале добри резултати за мотивирање; ○ Едукација за заштита и превенција од пушење, алкохол и дрога преку интегрирање во планирањата според однапред изготвена превентивна програма (кај оние предмети каде наставните содржини и теми го дозволуваат тоа пр. македонски јазик, етика, биологија, хемија) ○ Поголема грижа за ученици од социјално загрозени семејства преку организации на многу повеќе хуманитарни и собирни акции	○ Немање на стручен соработник (дефектолог) за соодветна стручна работа со деца со посебни образовни потреби; ○ Нема простории за изведување настава за целодневен престој на учениците во училиштето;

○ Едукација на учениците за нормално прифаќање и третирање на учениците од социјално загрозените семејстава како и учениците со телесен инвалидитет . ○ Креирање можности за компјутерско водење на досие на учениците од предметна наставамакедонски јазик, етика, биологија, хемија) ○ Поголема грижа за ученици од социјално загрозени семејства преку организации на многу повеќе хуманитарни и собирни акции ○ Едукација на учениците за нормално прифаќање и третирање на учениците од социјално загрозените семејстава како и учениците со телесен инвалидитет . ○ Креирање можности за компјутерско водење на досие на учениците од предметна настава	

Јаки страни

- ✓ Изнаоѓање разни начини за справување со насилното однесување;
- ✓ Водење грижа за понатамошното професионално информирање и ориентирање на учениците;
- ✓ Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба;
- ✓ Соработка на релација наставник – ученик – родител;
- ✓ Систематска евиденција за напредокот на учениците;
- ✓ Училиштето води грижа за емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците преку разни облици на поддршка на истите;
- ✓ Постои позитивна комуникација и задоволителна соработка помеѓу стручната служба, родители, наставници и ученици;
- ✓ Соработка со родителите и организирање на советување со родители;
- ✓ Училиштето соработува со образовен медијатор, одговорен за нашето училите;
- ✓ Се води редовна грижа за здравјето на учениците со организирање на разни предвања, систематски прегледи, соработка со стоматолошки ординации и изработка на проекти за здрава храна со помош на учениците;
- ✓ За децата со ПОП се изработуваат ИОП. Се работи индивидуално;
- ✓ Во училиштето е организиран инклузивен тим кој споделува искуства од работата со децата со ПОП и изнаоѓа предлог-решенија, сугестии за помош на наставниците кои работат со децата со ПОП;

- ✓ Се организираат бројни хепенинзи, работилници во кои се вклучени родителите и децата;
- ✓ Безбедноста во училиштето со изработка на проекти, пробни евакуации (Подготвеност на училиштето , вработените и учениците за навремено реагирање при случај на пожар);
- ✓ Достапна евиденција за неоправданото и оправданото отсуство од настава за секој класификационен период;
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување во училиштето преку редовни родителски средби и приемни денови;
- ✓ При оценувањето наставниците користат различни форми, методи и техники со цел да го следат напредокот на учениците;
- ✓ Изработен План за евакуација;
- ✓ Грижа за здравјето на учениците е на високо ниво, особено во услови на пандемија;
- ✓ Два пати во текот на учебната година, а по потреба и повеќе, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории;
- ✓ Психолозите имаат изготвно План за професионална ориентација кој се спроведува согласно планираното;
- ✓ Одлична соработка со средното општинско училиште во градот.

Слаби страни

- ✓ Сручната служба поточно психолозите немаат никакви психолоски тестови за работа со ученици , како и за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- ✓ Мал број на реализирабни активности на Ученички парламент;
- ✓ Училиштето не располага со тестови за утврдување и откривање на различни способности и вредности кај учениците;
- ✓ Да се подобрат условите за безбедно движење во централното училиште за децата со ПОП (повеќе пристапни рампи, стази за количка кои ќе овозможат слободно движење на вториот спрат на учениците);
- ✓ Осипување на учениците;
- ✓ Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства да се обезбеди бесплатно одење на екскурзии и други посети планирани во годишната програма.

Приоритети

- ✓ Набавка на психолошки тестови и тестови за утврдување на разни способности кај учениците;
- ✓ Обезбедување на услови за безбедно движење на децата со ПОП;
- ✓ Изготвување на начин за бесплатно одење на екскурзии и други посети на ученици кои се социјално загрозени;
- ✓ Поголема активности на ученичкиот парламент.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

4.1.Индикатор-Севкупна грижа за учениците

4.1.Училиштето се грижи за безбедноста на учениците додека престојуваат во него.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	86.5%	13.5%	0 %
НАСТАВНИЦИ	89.3%	10.7%	0 %
РОДИТЕЛИ	80.4%	16.5%	3.1%

4.1.Училиштето спречува секаков облик на насилство манифестиран од возрасни и ученици.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.3%	13.5%	3.2%
НАСТАВНИЦИ	89.5%	10.5%	0%
РОДИТЕЛИ	70.1%	25.8%	4.1%

4.1.Училиштето превзема активности за заштита од пушење, алкохол и дрога.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.3%	11.5%	5.2%
НАСТАВНИЦИ	87.5%	12.5%	0%
РОДИТЕЛИ	72.2%	20.6%	7.2%

4.2.Индикатор-Здравје

4.2.Хигиената во училиштето е на високо ниво.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	82.3%	15.6%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	79.3%	18.4%	2.3%
РОДИТЕЛИ	56.3%	34.4%	9.4%

4.2.Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку разни предавања и активности.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	80.2%	15.6%	4.2%
НАСТАВНИЦИ	80.5%	18.4%	1.1%
РОДИТЕЛИ	68.8%	27.1%	4.1%

4.2.Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.1%	16.8%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	81.8%	17%	1.2%
РОДИТЕЛИ	72.9%	22.9%	4.2%

4.2.Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството).

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	74%	22.9%	3.1%
НАСТАВНИЦИ	73.9%	22.7%	3.4%
РОДИТЕЛИ	57.3%	35.4%	7.3%

4.3.Индикатор-Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

4.3.Училиштето организира активности, советување и работилници за професионална ориентација и кариерно советување на учениците.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	80%	15.8%	4.2%
НАСТАВНИЦИ	75%	22.7%	2.3%
РОДИТЕЛИ	60%	30.5%	9.5%

4.4.Индикатор-Следење на напредокот

4.4.Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.2%	11.6%	5.2%
НАСТАВНИЦИ	79.5%	17%	3.5%
РОДИТЕЛИ	81.3%	15.6%	3.1%

4.4.Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	78.1%	17.7%	4.2%
НАСТАВНИЦИ	78.4%	19.3%	2.3%
РОДИТЕЛИ	73.7%	22.1%	4.2%

4.4.Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците, кои понатами целосно се достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	80%	17.9%	2.1%
НАСТАВНИЦИ	76.1%	23.9%	0%
РОДИТЕЛИ	78.9%	20%	1.1%

5. ПОДРАЧЈЕ БР.5 УЧИЛИШНА КЛИМА

Индикатори за квалитет:	**Тема:**
5.1. Училишната клима и односи во училиштето	• Углед/имиџ на училиштето • Кодекс на однесување • Училишна клима • Поведение и дисциплина во училиштето • Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки
5.2. Промовирање на постигањата	• Промоврање на личните постигања на учиниците • Промовирање на постигањето во име на училиштето

5.3. Еднаквост и правичност	• Познавање на правата на децата • Еднаков и првичен третман на сите ученици • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница	• Сорабоотка на училиштето со родителите • Соработка со локална та заедница • Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Кодекс на однесување • Анкетни лстови за наставници, родители и ученици • Еко кодекс • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки • Куќен ред на училиштето	***Индикатор за квалитет:*** **5.1 Училишна клима и односи во училиштето** **Углед/имиџ на училиштето** Имиџот на нашето училиште е на задоволително ниво. Угледот/имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности, освојување многубројни награди на различни натпревари и промовирање на постигањата на учениците преку блогот, медиумите и сл. Нашето училиште има свое лого. Исто така, има јасно дефинирана мисија и визија. Училиштето се истакнува по постигањето на учениците во наставни и воннаставни активности и подрачја. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето. Училиштето се грижи и за безбедноста на учениците. Со голема одговорност и посветеност во извршувањето на обврските во соработка со другите субјекти во процесот на образование и воспитание на учиниците, ја остварува мисијата и континуирано ги насочува, организира и реализира активности кон остварување на визијата. Се грижи за безбедноста на учениците во услови на Ковид, со изготвување на правилник за заштита на учениците со почитување на мерките, како и спроведување на комбинирана настава - со физичко присуство и онлајн. Училиштето ги негува принципите на родова сензитивност и мултикултурализам, ја поддржува инклузивноста. Ги почитува сите ученици независно од етничката припадност, нивните способности и образовни потреби и ја јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заеднички допринесувме училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него. **Кодекс на однесување** Во нашето училиште се изготвени кодекси на однесување за сите субјекти напоредно: • Правилник за однесување на наставниците во училиштето;

	• Правилник за однесување на учениците во училиштето; • Правилник за однесување на родителите во училиштето. Истите се поставени на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат. Земајќи го предвид фактот дека нашето училиште е добитник на Зеленото знаме и има изработено Еко кодекс, особено внимание се посветува во подигнувањето на свеста кај учениците и вработените за зачувување и унапредување на животната средина во која опстојуваат. Сите ученици и родители се запознаваат со овие документи и нивната содржина на почетокот на учебната година. **Училишна клима** Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, остваруваат формални и неформални средби, кои во изминатиот период главно беа онлајн. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.) Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици, без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото, се прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. **Поведение и дисциплина во училиштето** Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Отсуствувањето на учениците најчесто е од оправдани причини, болест, натпревари и сл. Поведението на учениците на ниво на паралелка, генерација и индивидуално е примерно. Дисциплината во нашето училиште е на високо ниво благодарение на целосната посветеност на сите вработени, редовните дежурства на наставниците и учениците, видео надзорот, редовна едукација и соработка со учениците и родителите и примена на интерни механизми за нарушување на редот и дисциплината во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред, кој стои на видно место во училишниот хол, а се изработуваат и правилници и кодекси за однесување, кои исто така стојат на видно место во училиштето. Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти. Односно, училишниот кодекс се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

	Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Училиштето презема мерки за подобрување на однесувањето на учениците и вработените во насока на превенција на насилното однесување во училиштето и во однос на тоа, училиштето ги спроведува следните активности: - организирани се дежурства од страна на наставниците во училишните холови и училишниот двор; - формирани се тимови на наставници и ученици за превенција на насилното однесување во училиштето; - реализирани се обуки на учениците за решавање на конфликти; - создадени се инструменти за следење и евидентирање на несоодветно однесување на учениците. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми Училиштето има демократски формиран Ученички Парламент, кој учествува во донесување одлуки за сите прашања што се од интерес на учениците. Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Тоа се реализира преку активностите на Училишниот Парламент во кој се одржуваат средби и работилници, но со послаб интензитет. Но, сепак, дека им е овозможено на учениците да учествува во донесување одлуки за сите прашања што се од нивен интерес, доказ е спроведувањето на Отворениот ден по граѓанско образование кој во 2021г. во соработка со МЦГО и БРО, преку комбиниран пристап, физичко присуство и онлајн, беше иницира од самите ученици како ученичка иницијатива за поголема вклученост на учениците во спортските активности, и истиот резултираше со голем успех и беше поздравен од учесниците.

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни за ученици, наставници и родители	***Индикатор за квалитет:*** **5.2 Промовирање на постигнувањата** Промовирање на личните постигнувања на учениците Училиштето става голем акцент на постигањата на учениците. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во поширокаата локална средина. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниците успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. За унапредување на личните постигања на учениците (момчиња и девојчиња) во училиштето се организираат слободни ученички активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и таленти. Се организираат литературни и ликовни конкурси, спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, меѓуодделенски и одделенски натпревари, учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Се организираат активности од областа на уметноста, културата, активности за проширување на ученичките знаења, а исто така се организира и додатна настава.

	Училиштето личните постигања на учениците ги промовира на блогот на училиштето, медиуми, Патрон празник. Доделувањето на награди и пофалници за постигањата на учениците најчесто се врши на тримесечие, полугодие, крај на учебна година, јубилеј, Патрон празник на училиштето, конкурси, натпревари. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Во училиштето редовно се одржуваат училишни натпревари по сите предмети на годишно ниво при што најдобрите ученици се наградуваат и се поттикнуваат за уште поголеми понатамошни постигања.

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни за ученици, наставници и родители	***Индикатор за квалитет:*** **5.3 Еднаквост и правичност** Познавање на правата на децата Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги користат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Еднаков и правичен третман на сите ученици Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста кај сите структури (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Учениците и родителите се запознаени со правата на децата. Некои наставни предмети (Час на одделенската заедница – Програма: Образование на животни вештини) третираат проблематика од еднаквост и правичност. Со учениците се организираат работилници на редовните часови. Во училиштето имаме ученици со различни психо-физички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Во училиштето постои Инклузивен Тим, кој редовно одржува состаноци и го следи развојот и напредокот на учениците со посебни образовни потреби. Кон овие ученици наставниците имаат индивидуален пристап и за нив се изготвуваат индивидуални образовни планови по сите училишни предмети. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава. Во нашето училише сите ученици добиваат еднаков третман кој се следи преку разговор, спроведување анкети, давање можност на секој да

	се искаже и слободно да го изрази своето мислење. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот Училиштето води политика за промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и пошироко. Еднаквоста и правичноста на учениците особено се промовираше и преку учеството на наставниците и учениците во проектот Меѓуетничка интеграција на образованието кој континуирано се реализираше во наставниот процес, а СИТ тимот континуирано соработуваше со наставниците и даваше одредени насоки за успешно реализирање на овие планирани активности. Се организираа повеќе самостојни МИО и МИМО активности, но имаше и заеднички активноси со партнер училиштето кои се спроведуваа онлајн. Учениците постојано се насочуваа и учеа да ја почитуваат, како сопствената културна традиција, така и културата и традицијата на сите етнички заедници во РС Македонија. Преку проектот за недискриминација во училиштето се промовираше принципот на правичност и еднаквост во училиштето, чиј тим спроведуваше работилници од таков тип.

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни за ученици, наставници и родители	***Индикатор за квалитет:*** **5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** Соработка на училиштето со родителите Во нашето училиште родителите се вклучени во образованието на своите деца и се поттикнуваат поактивно да се вклучат преку заеднички проекти, активности, како и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето има изградено партнерски однос со родителите и тоа преку: вклучување во Советот на родители, Управниот одбор и др. На Советот на родители, родителите се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, Годишен извештај за работата на училиштето, Наставниот план и наставните програми по предмети и одделенија и со програмата за работа на Советот на родители. Освен за редовни состаноци и одредени поводи, Советот на родители при училиштето редовно организираше онлајн средби за да ги разгледува тековните активности, кои што на крајот на учебната година редовно се сумираат и валоризираат. Родителите се вклучуваа во целокупната работа на училиштето и земаа значајна улога во работењето на Училишниот одбор. Родителите даваа помош и поддршка на училиштето во организација на спортски манифестации, организација и реализација на истите, организација и реализација на приредби, излети, естетско уредување на училиштето и помош во реализација на училишните проекти, во организација и реализацијата на екскурзии, осигурување, реализација на натпревари, приредби, но за жал поради Ковид19, дел од овие активности воопшто не се реализираа, како на приимер тоа што учениците две последователни години не одеа на екскурзии, додека натпреварите се реализираа

	онлајн. Родителите имаа можност да дадат свој придонес во креирањето на училишната политика преку давање идеи, сугестии, стручна помош, учествово работата на Совет на родители поддршка во реализација на активностите и проектите на училиштето. Во текот на учебната година се организираа најмалку пет родителски средби на кои родителите се запознаваа со целокупниот воспитно-образовен процес во тековната година. Родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок, дисциплина, изостаноции, социјализација на нивното дете. Информации во изминатите две години главно ги добиваа онлајн, поради Ковид19. Соработка со локалната заедница Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница преку спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Постојат повеќе примери за успешна соработка со локалната заедница. Училиштето има претставници од родителите, учениците и локалната заедница во еко-одборот. Училиштето соработуваше и со други заинтересирани учесници од локалната заедница и тоа: се реализираа состаноци, индивидуални и групни средби со Градоначалникот, претставници на Општината, директори на училиштата, надворешни соработници и други. Наши ученици волонтираа во активностите на Општинската организација на Црвениот крст, ги посетуваа: Центарот за култура, Градскиот музеј, фабрики, медиуми, соработка со МВР, противпожарна служба, ЈП ,,Комуналец“, НЛБ и др. Сите вработени и ученици од училиштето учевствуваа во одбележување на датуми, хуманитарни акции, како и традиционални манифестации и активности организирани според календарот на Општинската организација на Црвениот крст (одбележување на Детска недела, Денот на екологијата, работилници за Нова година, Денот на пролетта и екологијата (21Март), Ден на шегата-1Април, Ден на планетата Земја, Велигденска традиција, Ден на Европа и други. Исто така во нашето училиште беа одбележани и голем број на светски денови како што се: 21 Февруари-Меѓународен ден на мајчиниот јазик, 1 Март-Меѓународен ден на Црвениот крст, 21 Март-Светски ден на лицата со Даунов синдром, 2 Април-Светски ден за свесноста за аутизмот, 22 Април-Светски ден на планетата земја, 24 Мај-Ден на македонските и сесловенските просветители и учители, 5 Јуни-Светски ден на животната средина, 23 Октомври-Ден на револуционерната борба, 20 Ноември-Светски ден за правата на децата, 3 Декември-меѓународен ден на лицата со попреченост и други. Локалните власти имаат позитивно и мотивирачко влијание врз училиштето преку соработка и партнерски однос во сите сфери и обратно. Дел од активностите и одбележувањето на позначајните датуми се организираа и реализираа онлајн, сé до олабавување на Ковид мерките, за потоа повторно да започне организација и реализација на активности и настани со физичко присуство. Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор Нашето училиште со Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД

	редовно реализира самостојни мултикултурни активности, како и заеднички мултикултурни активности со партнерското училиштето „Јероним Де Рада“ од с.Черкези, Куманово. Мултикултурализмот се презентира во рамките на редовната настава, воннаставните активности, предавања и посети на споменици и други знаменитости од различни култури при што самите ученици се запознаваат подетално со обичаите и традициите на културите различни од нивните. Со партнер училиштето со друг наставен јазик, реализиравме заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта со заеднички онлајн активности и на тој начин промовиравме еднаквост, мир, соживот и толеранција со размена на културни и верски, како и образовни вредности. Нашето училиште остварува соработка со училишта на меѓународно ниво преку Еразмус+ проектите. Во изминативе две години наставници од нашето училиште работеа на пет такви проекти. Дел од нив се завршени, а дел и понатаму траат. Тоа се следниве проекти: КА2 - ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ-„ИДНИНА“ 2018-2020, Проект “ One mission, one vision, one focus”, КА2-ERASMUS+ ПРОЕКТ„Малите Одговорни Граѓани ја Менуваат Својата Иднина” 2020-2022, КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТОТ - „Целиот свет е сцена“ 2020-2022, КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТОТ - „Нови начини на учење“ 2020-2022.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Постои конструктивна работна атмосфера и добра соработка помеѓу стручната служба, наставниците и другите вработени што овозможува позитивна клима во училиштето. ○ Значителни успеси на училиштето, постигнати на општинско, државно и меѓународно ниво. ○ Односот наставник-ученик се заснова на почитување на личноста на ученикот, ○ солидна комуникација со учениците и почитување на нивните индивидуални развојни карактеристики. ○ Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница, локалните стопански организации, културни центри и др.надворешни правни и физички лица. ○ Во нашето училиште се реализира т.н.„Настава по мерка на ученикот„ односно е застапено кооперативно учење, што значи дека наставниците постојано ги надоградуваат своето образование и вештини и во наставата користат современи	○ Потреба од поголемо поттикнување на учениците за преземање одговорност за своите постапки, како предуслов за успешен наставен процес . ○ Послаба посетеност на родителските средби од страна на проблематичните и послаби ученици ○ Поголемо вклучување на учениците во процесот на самооценување, се со цел развивање на чувство на критичност и самокритичнос

техники и наставни материјали што води кон постигнување на високи резултати и успеси на учениците на општинско, државно и меѓународно ниво. ○ Наставата ја реализира високо-образовен кадар преку тимска работа и ефективна меѓусебна комуникација. ○ Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците штодополнително ги мотивира ученицитед	
МОЖНОСТИ (**O**PPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (**T**HREATS)
○ Поголема соработка меѓу наставник-родител-ученик ○ Реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства	○ Послаба посетеност на родителските средби од страна на родителите на проблематичните и послаби ученици

Јаки страни

- ✓ Вработените и учениците се горди што се дел од училиштето;
- ✓ Постојат кодекси на однесување на сите структури во училиштето кои се применуваат подеднакво за сите;
- ✓ Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето и прифатено од возрасните и другите ученици;
- ✓ Односот помеѓу учениците и наставниците е заснован на меѓусебно почитување и соработка;
- ✓ Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности;
- ✓ Училиштето има демократски избрана училишна заедница;
- ✓ Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата;
- ✓ Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот;
- ✓ Има изработено критериуми за награда и пофалби на учениците и критериуми за избор на првенец на генерација и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците;
- ✓ Училиштето и училишниот двор се безбедни за изведување на наставниот процес;
- ✓ Во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај;
- ✓ Во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични

супстанции;
- ✓ Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство;
- ✓ Хигиената во училиштето е на високо ниво и училиштето има развиен систем за заштита од болести;
- ✓ Училиштето има разработен систем за работа со ученици кај кои се идентификувани пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални тешкотии;
- ✓ Училиштето успешно им помага на учениците во изборот во нивното натамошно образование;
- ✓ Едукативни работилници за штетното влијание на пороците: дрога, алкохол и пушење;
- ✓ Голема соработка со Општина и Локална самоуправа;
- ✓ Голема соработка со родители преку Совет на родители;
- ✓ Реализирање на еколошки активности согласно еко стандардите планирани во Годишната програма;
- ✓ Редовно спроведување на МИО и МИМО активности како самостојни активности, така и заеднички активности со партнер училиштето „Јероним Де Рада“ од с. Черкези, Куманово.

Слаби страни
- ✓ Во нашето училиште училишната клима е на високо ниво, со можности за подобрување и тоа:
- ✓ Во системот на наградување на учениците и наставниците за постигнатиот успех на разни конкурси, натпревари, учество во проекти и др;
- ✓ Мала запоставеност на воспитната компонента на учениците во однос на однесувањето на учениците, почитувањето на вработените во училиштето и грижа за училишниот инвентар;
- ✓ Повеќе грижа за училишниот простор од страна на сите учесници во образовниот процес;
- ✓ Повеќе вклучување на учениците во активностите кој не се поврзани со образовниот процес;
- ✓ Недоволна вклученост на ученичката заедница, преку која учениците директно би се вклучиле во решавањето проблеми и донесувањето одлуки;
- ✓ Добра соработка со можност за нејзино зајакнување со локалната и деловната заедница;
- ✓ Повеќе активности за посета на други институции и организации.

Приоритети
- ✓ Поголема мотивација преку системот на наградување на учениците и наставниците за постигнатиот успех на разни конкурси, натпревари, учество во проекти и др;
- ✓ Изготвување акциски план за унапредување на воспитната компонента на учениците во однос на изразување на меѓусебна почит, почит кон вработените во училиштето, грижа за училишниот инвентар, како и кодекс на облекување;
- ✓ Давање на поголема одговорност на учениците и нивно поголемо мотивирање;
- ✓ Зајакнување на соработката и тимската работа меѓу наставниците со цел создавање на позитивна клима за работа и добри меѓучовечки односи;
- ✓ Уште поголема и поинтензивна соработка со локалната и деловната заедница;
- ✓ Реализација на повеќе активности за посета на други институции и организации.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

5.1. Индикатор-Училишна клима и односи во училиштето

5.1.Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите).



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	16.7%	2 %
НАСТАВНИЦИ	81.8%	17%	1.2%
РОДИТЕЛИ	75.8%	23.2%	1 %

5.2.Индикатор-Промовирање на постигнувањата

5.2.Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	16.7%	2 %
НАСТАВНИЦИ	80.7%	19.3%	0 %
РОДИТЕЛИ	76%	21.9%	2.1%

5.2.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВ	НЕ СЕ СОГЛАСУВ АМ
УЧЕНИЦИ	86.5%	11.5%	2%
НАСТАВНИЦИ	67%	31.8%	1.2 %
РОДИТЕЛИ	79.2%	19.8%	1 %

5.3.Индикатор-Еднаквост и правичност

5.3.Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	14.6%	4.1%
НАСТАВНИЦИ	81.8%	15.9%	2.3%
РОДИТЕЛИ	61.5%	29.2%	9.4%

5.4.Индикатор-Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

5.4.Училиштето презема добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	71.30%	27.60%	1.10%
РОДИТЕЛИ	61.20%	31.60%	7.20%

5.1. Индикатор-Училишна клима и односи во училиштето

5.1.Дали ви се допаѓа училиштето во кое учите?



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.3%	10.4%	6.3%

5.1.Дали според вас односите меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување?



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.1%	11.6%	6.3%
НАСТАВНИЦИ	77.3%	18.2%	4.5%

5.1.Дали односите меѓу учениците од ист или различен пол и од различно етничко потекло се исполнети со почитување?



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.2%	11.6%	5.2%
НАСТАВНИЦИ	81.8%	15.9%	2.3%
РОДИТЕЛИ	61.5%	29.2%	9.4%

5.1.Дали односите меѓу учениците со различни способности или посебни потреби се базираат на взаемно почитување?



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	80.2%	14.6%	5.2%
НАСТАВНИЦИ	81.8%	17%	1.2%

6. ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ

Индикатори за квалитет:	Тема:
6.1. Сместување и просторни капацитети	• Просторни услови • Искористеност на просторните капацитети
6.2. Наставни средства и материјали	• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала • Училишна библиотека • Потрошен материјал • Училишна реална или виртуелна компанија • Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати

6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар	• Број на вработени и соодветност на наставниот кадар • Ефективност и распоредување на кадарот • Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар	• Професионален и кариерен развој на наставниците
6.5. Финансиско работење во училиштето	• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Пописни листи • Годишна програма за работа на училиштето • Записници од Наставнички совет • Записници од Училишен одбор • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	***Индикатор за квалитет:*** **6.1 Сместување и просторни капацитети** Просторни услови Матичниот објектот на ООУ "Јоаким Крчовски" – Крива Паланка се наоѓа во централното градско подрачје, и истиот е изграден во 1947 год. од тврда градба. Училиштето поседува голем двор во кој се сместени спортските терени и во предниот дел кај споменикот со хортикултурни растенија. За да се овозможат нормални услови за работа, потребно е редовно одржување и реконструирање поради дотраеноста на објектот. Во склоп на училиштето и има уште два училишни објекти, кои исто така се наоѓаат во централното градско подрачје, од кои што еден училишен објкт се користи за паралелките на основното музичко училиште, а другиот е прилагоден за настава со ученици од нижите одделенија. Во состав на училиштето се уште осум подрачни училишта и тоа: с.Дурачка Река, с.Узем, с.Жидилово, с.Огут, с.Нерав, с.Луке, с.Подржикоњ, с.Дубровница. Искористеност на просторните капацитети Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците. Големината на училниците и инвентарот соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

2020/21

Воспитно-образовната дејност во училиштето во учебната 2020-21 година се одвиваше според наставниот план за деветгодишно образование, скратени наставни програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, одобрени од Министерството за образование и наука. Годишната програма на училиштето е доставена навреме и одобрена од Бирото за развој на образованието, Државен просветен инспекторат и Општина Крива Паланка. Оваа учебна година во услови на пандемија со КОВИД-19, наставата се реализира во 159 работни наставни денови, скратени наставни програми, без проширена програма и без воннаставни активности.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава и додатна настава. Во текот на првото полугодие во училиштето се организираше задолжителна настава за сите ученици од прво до девето одделение. Учениците од прво до трето одделение посетуваа настава со физичко присуство или онлајн по избор на родителот, со скратени часови од по 30 минути и посебни протоколи за влез и излез во училиштето, реализација на наставата и одмори меѓу часовите. Наставата во централното училиште се реализираше во две смени за учениците од 1-3 одделение почитувајќи ги протоколите за реализација на наставта, додека за учениците од 4-9 одделение наставата се одвиваше онлјан – учење од далечина преку националната платформа и Microsoft teams, по посебни упатства и распоред на часови. Училиштето во соработка со Општина Крива Паланка обезбеди оптички интернет за непречена реализација на наставата, како и 25 лаптопи и 10 статични компјутери за наставниците за реализација на наставата. Во подрачните училишта, поради малиот број на ученици, настава со физичко присуство посетуваа сите ученици од прво до деветто одделение, со скратени часови од по 30 минути и посебни протоколи за влез и излез во училиштето, реализација на наставата и одмори меѓу часовите.

2021/22

Воспитно-образовната дејност во училиштето во учебната 2021-22 година се одвива според наставниот план за деветгодишно образование, наставни програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, одобрени од Министерството за образование и наука. Оваа учебна година во услови на пандемија со КОВИД-19, наставата се реализира во 160 работни наставни денови со посебен план и протокол (поради продолжување на зимскиот распуст, инаку штрајк во нашето училиште немаше) за реализација со физичко присуство на учениците од I - IX одделение и настава од далечина за учениците чии родители/старатели поднеле барање до директорот н училиштето и соодветна документација и истото им е одобрено. Од оваа учебна година започна реализацијата на новата Концепција за основно образование во I и IV одделение. Соодветно на тоа наставниците реализираа настава според новите наставни програми за I и IV одделение подготвени од Бирото за развој на образованието. Според новата концепција учениците користат материјали за учење кои можат да ги следат од паметен телефон, таблет или компјутер додека кога се во училиште тоа го прават преку СМАРТ-таблата или телевизори во училниците. Учениците од IV одделение посетуваат настава 5 саати секој ден. Во тие 5 саати учениците ја следат задолжителната настава, изборната настава, пишуваат домашни задачи, учествуваат во воннаставни активности во училиштето согласно нивните интереси, реализираат одделенски часови.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава и додатна настава.

Во текот на првото полугодие во училиштето се организираше задолжителна настава за сите ученици од прво до

	девето одделение. Сите ученици посетуваа настава со физичко присуство или онлајн по предходно барање од родителот/старателот и одобрено од директорот на училиштето на родителот, со часови од по 40 минути и посебни протоколи за влез и излез во училиштето, реализација на наставата и одмори меѓу часовите. Наставата во централното училиште се реализираше во две смени за учениците. Беа обезбедени два влеза и излеза за учениците од одделенска и предметна настава. Во подрачните училишта, настава се реализираше во една смена со физичко присуство, по посебни протоколи и упатства за реализација на наставата.

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Пописни листи • Годишна програма за работа на училиштето • Работен дневник на библиотекар • Записници од Наставнички совет • Записници од Совет на родители • Записници од Стручни активи • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	***Индикатор за квалитет:*** **6.2 Наставни средства и материјали** Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала Училиштето располага со соодветна, современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети. Училиштето континуирано ги утврдува потребите од наставни средства и помагала,вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема и ги обновува за да соодвествуваат на современите наставни текови. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Во училиштето наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет, со исклучок на некои од подрачните училишта. Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и нагледни средства. За спецификите и потребите на учениците со посебни образовни потреби училиштето изработува приспособени нагледни средства. Училиштето има потреба од асистивна технологија и специфични помагала на учениците со посебни образовни потреби. **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства**

	ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА	- Интерактивни табли во секоја училница - Таблети за учениците од четврто одделение -Комплет сликовници од библиотека на тркала „Со читање до лидерство - Геометриски тела (комплет) - Линеари за табла - Шестар - Магнети – (прачка, потковичен) - Ученички лаптопи Classmate - Дидактички слики - Географски карта Македонија - Релјефна карта - Детски музички инструменти - Хулахопи - Јажиња за скокање гумени - Телевизори - Принтери - Проектор -Вага со метални тасови и дрвена плотна -Мини систем со радио, CD, mp3 Скелетен систем (постер) - Скелет 42 см - Динамометар 5 N плоснат - Географска карта – (Европа, Балкан) - Геометриски тела (комплет) - Компас

ПРЕДМЕТНА НАСТАВА	- Интерактивни табли во секоја училница - Опремен кабинет по природни науки - Географски карти , глобус - Историски карти - Нагледни средства и опрема по физика - Нагледни средства и опрема по биологија и природни науки - Нагледни средства и опрема по математика - Смарт табла - Шестари - Лаптопи - Принтери - Проектор -Опрема и реквизити по физичко и здравствено образование -Стручна литература и лектирни изданија по македонски јазик - Физичко гографска карта Азија

Ред.број	Библиотечен фонд	Количество
1	Учебници	***I***
2	Лектири	18 955
3	Стручна литература	857
4	Сериски пибликации	1124
5	Литература на друг јазик	279

Училишна библиотека

Училишната библиотека ги задоволува потребите како на учениците така и на наставниците.Таа располага со повеќе од пет книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија.Библиотеката има читална која е добро уредена и располага со компјутер,пристап до интернет, а библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките.Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.Во библиотеката има и литература од стручен карактер,литерауртура на странски јазици,енциклопедии,прирачници,слободна литература и др.

Потрошен материјал

ООУ “Јоаким Крчовски“, Крива Паланка, редовно креира план за јавни набавки и во согласност со него обезбедува потрошен материјал (пенкала, хартија, креди итн.) во потребната количина за континуирана реализација на наставните и воннаставните активности. Училиштето навремено ги надополнува потрошените материјали со цел образовниот процес да се одвива без пречки и застој.

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Закон за основно образование • Развоен план и Годишна програма за работа на училиштето • Записници од стручни активи • Досие на вработени • Решенија за користење на годишен одмор • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	***Индикатор за квалитет:*** **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** Број на вработени и соодветност на наставниот кадар Наставниот кадар во училиштето е соодветен, неговата структура и степен на образование е според Законот за основно образование и нормативите за наставен кадар. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Анкетите покажуваат дека и родителите се согласуваат со тоа дека во нашето училиште наставниците се соодветно образувани за успешна реализација на наставните часови, а делумно се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби.

Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	**вкупно**	**Етничка и полова структура на вработените**											
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Срби**		**Роми**		**други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	127	43	83					1					
Број на наставен кадар	98	29	68					1					
Број на воспитувачи	1	1	/										
Број на стручни соработници	5	/	5										
Администра-тивни работници	2	/	2										
Помошно-технички кадар	19	12	7										

Директор	1	1	/										
Помошник директор	1	/	1										
Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)	1	/	/										

Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Последипломски студии-втор циклус	1
Високо образование	92
Виша стручна спрема	15
Средно образование	4
Основно образование	15

Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	7
31-40	32
41-50	46
51-60	29
61 – пензија	13

Ефективност и распоредување на кадарот

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и активи на одделенија, успешно соработуваат со стручните соработници и со административно-техничкиот кадар што придонесува за ефективно работење на училиштето. При вработување на наставниот кадар и стручните соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативи. Во нашето училиште има вработено и двајца библиотекари, кои што имаа изработени сопствени Годишни програми за работа, согласно новите професионални компетенции, изготвени од

	страна на МОН и БРО на СРМ. Вработените во училиштето редовно, ангажирано, посветено и стручно ги извршуваа своите работни задачи, тимската работа целосно се реализираше и придонесуваше за поголема ефикасност во работата на училиштето. Сите вработени во училиштето го почитуваа работното време, редовно беа присутни на своето работно место, односно половина час пред започнување на часовите. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови. Повремените оправдани отсуства и користењето на годишните одмори беа според законските норми и прописи. Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар Стручната служба во училиштето ја сочинуваа педагог и двајца психолози, кои што имаа изработено сопствени Годишни програми за работа, согласно нивните професионални компетенции, изготвени од страна на МОН и БРО на СРМ. Стручната служба работи на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето, давајќи стручна помош на директорот, наставниците и наставници-почетници, врши советодавни разговори со учениците и родителите и комуницира со Институциите, за соодветни проблематики. Во процесот на инклузија на децата со ПОП учествуваат Инклузивниот тим, стручната служба, специјален едукатор и рехабилитатор и наставници кои со тимска работа овозможуваат вклучување на децата во редовната настава. Во помош и поддршка на учениците со ПОП успешно придонесуваат и образовните асистенти. Од спроведената анкета може да се види дека учениците, родителите и наставниците се согласни дека стручната служба во училиштето секогаш им дава помош и подршка за проблемите со кои се соочуваат.

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Професионално досие • Записници од Наставнички совет • Советодавно-консултативни разговори помеѓу стручната служба, наставниците,	***Индикатор за квалитет:*** **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** Професионален и кариерен развој на наставниците Потребите на воспитно-образовниот кадар за професионален развој се реализираа преку Годишната програма за професионален развој изработена врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците и стручните соработници, посетата и учеството на семинари, работилници, предавања, организирани од училиштето или од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Воспитно-образовниот кадар е вклучен во проекти во наставата и проекти вон наставата. Следењето на развојните потреби на наставниците го вршеа директорот и стручната служба на училиштето кои им даваа подршка во учеството на семинарите, обуките, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и слично. Од посетени семинари, on line семинари и учества во

учениците, родителите и Директорот на Училиштето и помошник Директорот на Училиштето • Програма за професионален развој на наставниот кадар • Програма за работа на менторот/нововработениот во текот на учебната година	проекти, наставниците се стекнаа со квалитетни знаења, голем број на сертификати, но и разменуваа искуства на меѓународно ниво. Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки и семинари за јакнење на компетенциите на наставниот кадар, директор и стручна служба. Врз основа на разговорот со стручната служба и наставниците се констатираше дека наставниците имаа можност професионално да се усовршуваат, а стручната служба имаше можност да посети сосема мал дел на обуки, од доменот на нивното секојдневно професионално работење и затоа е потребно организирање на се повеќе обуки и семинари. Ова го потврдуваат и одговорите на анкетниот прашалник. Од разговорите со сите засегнати страни во воспитно-образовниот процес се наметнува потребата од дефектолог и социјален работник во училиштето. За наставниците-почетници училиштето определуваше ментор кој изготвува Програма за работа со наставник-почетник, му дава стручна помош и ја следи неговата методско-дидактичка работа со учениците. Стручната служба во училиштето води редовно и уредно Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник во училиштето во кои ги евидентира сите учества на наставниците од семинари, обуки и работилници.

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни листови за наставници, родители • Финансиски план • Извештаи • Записник од Училишен одбор	***Индикатор за квалитет:*** **6.5 Финансиско работење во училиштето** Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет Финансиската работа на училиштето се реализираше според законските акти и нормативи. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Директорот на училиштето редовно изготвува финансиски план за работата на училиштето, а сите средства беа рамномерно распоредени и се користеа наменски за подобрување на квалитетот на наставата, учењето и училиштето, следејќи ги законските прописи и упатства дадени од МОН и Локалната самоуправа.

	Повеќето од анкетираните наставници велат дека за финансиското работење на училиштето редовно се информирани на Наставничките совети. За трошењето на финансиските средства директорот навремено ги информираше вработените, Училишниот одбор, Советот на родители, Советот на Локалната самоуправа и МОН. На состаноците на Училишниот одбор се разгледува Финансиски план на училиштето, се усвојува извештајот на пописните комисии и се разгледува завршна сметка за секоја година, која се доставуваше до Совет на Општина Крива Паланка и од страна на истите позитивно се оценува. Навремено се изготвува финансиски план за јавни набавки кој доследно се применува и се запазуваа роковите за истиот.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Оптимално и рационално користење на расположливите капацитети од страна на сите членови на училиштето; ○ Опремена мултимедијална училница; ○ Искористеност на веб платформа за настава на далечина; ○ Училиштето ги следи потребите за нагледни и наставни средства и прави напори за нивно брзо набавување; ○ Висок процент наставници со високо образование; Наставниот кадар е со соодветна стручна подготовка; ○ Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој; ○ Финансиското работење се спроведува во согласност со законските норми; ○ Добро спроведено и контролирано финансиско работење; ○ Финансиските средства се користат наменски и рационално. ○ Се учи од високо образован наставен кадар; ○ Училиштето се грижи учењето да продолжи и надвор од училиштето; ○ Има добра соработка со наставниците.	○ Фискултурната сала не ги задоволува потребите на сите паралелки; ○ Нема простории за изведување целодневен престој на учениците во училиштето; ○ Несоодветна фискултурна сала во подрачните училишта; ○ Недоволен број лектирни изданија во подрачните училишта; ○ Слаба Интернет-врска во подрачните училишта; ○ Недоволно организирање обуки за работа со талентирани и надарени ученици, ученици со посебни образовни потреби и ученици со потешкотии во учењето; ○ Недоволна заинтересираност на вработените за финансиското работење на училиштето.

МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (THREATS)
○ Учество во проекти од владини и невладини организации со цел зголемување на финансиските средства за континуирано подобрување на условите во централното и подрачните училишта и континуирано обновување на наставните средства и материјали; ○ Организирање собирни акции преку кои би можело да се дојде до повеќе финансиски средства за набавка на штедливи светилки со цел намалување на трошоците за електрична енергија и заштита на животната средина; ○ Поставување систем за наводнување на дворната површина со помош на дождовница и систем за искористување подземна вода за добивање техничка вода, со цел намалување на трошоците за вода и заштита на животната средина.	○ Константно намалување на бројот на ученици во подрачните училишта.

Јаки страни

- ✓ Квалифициран, оспособен наставен кадар - Сите наставници се со соодветно стручно образование и се оспособени за стручно водење на воспитно- образовната дејност во училиштето;
- ✓ Соработка со локалната самоуправа - За секоја манифестација на ниво на нашата општина,ние сме поканети и спремни да дадемем се од себе за достојно да го претставиме нашето училиште;
- ✓ Учество на разни проекти: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Меѓуетничката интеграција во образованието, Заедно за училишта без насилство, ИКТ во наставата, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, Критичко размислување и решавање на проблеми во наставата, Редовно на часови, Антикорупциска едукација на учениците, Еразмус+ проекти;
- ✓ Училиштето има доволно образовни асистенти за децата со посебни потреби;

- ✓ Стручната служба во училиштето секогаш дава помош и подршка за проблемите со кои се соочуваат учениците;

- ✓ Училиштето носи титула на е-твининг училиште и имаме и е-твининг амбасадор-наставник во училиштето;
- ✓ За финансиското работење на училиштето, директорот редовно ги информира наставниците и стручните соработници на состаноците на Наставничките совети.

Слаби страни

- ✓ Отворени часови на стручните активи;
- ✓ Училиштето располага со стари учебници кои треба да се заменат со нови;
- ✓ Дотраен училишен инвентар;
- ✓ Наставниот кадар секогаш има потреба од нови обуки и семинари за да можат професионално да напредуваат;
- ✓ Стручната служба има многу мал дел на обуки и семинари;
- ✓ Соработка со невладини организации;
- ✓ Од воочените анализи детектирани се слабости во областа на донирањето на средства од страна на деловната заедница и невладиниот сектор;
- ✓ Недоволни финасиски средства.

Приоритети

- ✓ Замена на дотраениот училишен инвентар;
- ✓ Набавка на нови учебници за учениците;
- ✓ Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците, особено учениците со посебни образовни потреби, обновување на нагледните средства, обновување на библиотечниот; фонд , набавка на стручни помагала и литература;
- ✓ Организирање на обуки и семинари за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници;
- ✓ Изнаоѓање начини за зголемување на финансиските средства во училиштето (преку донации, блок дотации, спонзори, проекти и друго).

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

6.1.Индикатор-Сместување и просторни капацитети

6.1.Големината на просторот и училниците одговараат на потребните стандарди.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.2%	18.8%	0 %
НАСТАВНИЦИ	85.1%	12.6%	2.3%
РОДИТЕЛИ	82.3%	15.6%	2.1%

6.1.Наставниците имаат соодветен простор за работа.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	72.4%	23%	4.6%
РОДИТЕЛИ	75%	21.9%	3.1%

6.2.Индикатор-Наставни средства и материјали

6.2. Мебелот и опремата во училиштето ги задоволува потребите на наставниците и учениците.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	70.5%	25%	4.5%
РОДИТЕЛИ	58.3%	35.4%	6.3%

6.2. Информатичката опрема ги задолува потребите на наставниците и ученците

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	71.6%	23.9%	4.5%
РОДИТЕЛИ	51.3%	42.7%	6 %

6.2. Информатичката опрема е достапна на наставниците и учениците.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.2%	18.8%	2 %
НАСТАВНИЦИ	78.2%	20.7%	1.1%
РОДИТЕЛИ	59.4%	35.4%	5.2%

6.2.Наставниците се задоволни од опременоста на библиотеката.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.8%	14.6%	1.6%
НАСТАВНИЦИ	78.4%	20.5%	1.1%
РОДИТЕЛИ	68.8%	26%	5.2%

6.3.Индикатор-Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.3.Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	84.1%	13.6%	2.3%
РОДИТЕЛИ	61.5%	30.2%	8.3%

6.3.Сите наставници и стручни соработници се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	54.5%	37.5%	8%
РОДИТЕЛИ	41.7%	49%	9.4%

6.4.Индикатор-Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.4.На наставниците им е овозможено стручно усовршување.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	63.3%	29.5%	7.2%
РОДИТЕЛИ	55.2%	35.6%	8.3%

6.5.Индикатор-Финансиско работење во училиштето

6.5.Училиштето располага со доволно финансиски средства за квалитетна работа.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	76.1%	20.5%	3.4%
РОДИТЕЛИ	52.1%	36.5%	11.5%

6.5.Средствата се распределуваат според приоритетни цели предвидени за непречена реализација на наставата.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	77.6%	21.6%	0.8%
РОДИТЕЛИ	59.4%	34.4%	6.2%

6.5.Училишниот одбор е запознаен со начинот на располагање со финансиските средства.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	84.1%	14.8%	1.1%
РОДИТЕЛИ	60%	31.6%	8.4%

6.1.Индикатор-Сместување и просторни капацитети

6.1.Дали сте задоволни од состојбата на училниците?

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	18.7%	0%

6.1.Дали сте задоволни од инвентарот во училниците?		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	81.3%	8.3%	10.4%

6.1.Дали условите во училиштето ги исполнуваат вашите очекувања?	

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	78.1%	21.9%	0%

6.2.Индикатор-Наставни средства и материјали

6.2.Дали мислите дека училиштето располага со доволен број нагледни средства?

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	78.1%	17.7%	4.2%

6.2.Какви се условите за реализирање на ИКТ во наставата?

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	79.2%	18.8%	2%

6.2.Дали сте задоволни со опременоста на училишната библиотека?



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	83.3%	14.6%	2.1%

7. ПОДРАЧЈЕ БР.7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Индикатори за квалитет:	**Тема:**
Управување и раководење со училиштето	Управување со училиштето Раководење со училиштето
Цели и креирање на училишната клима	Јасност и соодветност на мисијата и визијата Процедури за креирање на училишната политика Резултати од развојно планирање

ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Закон за основно образование • Статут на училиштето • Годишна програма за работа на директор • Годишна програма за работа на Училишен одбор • Куќен ред на училиштето • Годишна програма за работа на училиштето • Записници од Наставнички совет • Записници од состаноци на Училишен одбор • Записници од	***Индикатор за квалитет:*** **7.1 Управување и раководење со училиштето** Управување со училиштето Во ООУ„Јоаким Крчовски“ структурата на управување и раководење ја сочинуваат: Училишниот одбор, Директорот и Помошник директорот на училиштето. Училишниот одбор е орган кој е одговорен за управувањето со училиштето. Неговата улога и состав се дефинирани со закон. Во Училишниот одбор се вклучени тројца претставници од професионалниот образовен кадар, тројца претставници од Советот на родители и еден претставник од локалното ниво на власта. Претставниците од наставници се избрани на седница на Наставничкиот совет, претставниците од родителите на учениците во училиштето избрани од Советот на родители и претставникот од локалната власт по предлог на основачот-Општина Крива Паланка. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа. Во согласност со Деловникот за работа Училишниот одбор ги организира и одржува своите состаноци. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членовите. Известувањето на членовите се врши по писмен пат (покана) или електронски преку меил адреси најмалку два дена пред одржување на состанокот. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со Директорот на училиштето, наставниците, стручната служба и другите заинтересирани страни како родителите, учениците и локалната самоуправа. Училишниот одбор редовно го поканува Директорот на училиштето како раководен орган во училиштето да присуствува на седниците и во соработка со директорот го составува дневниот ред. Доколку има потреба претседателот на Училишниот одбор врши консултации со Директорот за да се надминат проблемите и недостатоците. Училишниот одбор им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на субјектите вклучени во воспитно – образовниот процес и успешно соработува со нив. Училишниот одбор за својата работа има уредно водена документација (записници). Раководење со училиштето Директорот на училиштето е орган на раководење на училиштето. Директор на училиштето е Дане Петровски. Според Законот за основно образование и Статутот на училиштето тој е одговорен за законитоста и материјално – финансиското работење на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените и правилно го вреднува нивниот придонес во тимската работа. Тоа го прави преку редовно следење на работата, посета и набљудување на часови и извештаи од изведени активности. За промовирање на добра практика во училиштето секојдневно комуницира со вработените, организира состаноци со стручните активи и
• Записници од	

состаноци на • Совет на родители • Записник од Училишен одбор • Записник од извршена интегрална еваулација • Анкетни листови за наставници, родители, ученици	споделува добри воспитно - образовни практики. Директорот на училиштето во своето работење секогаш на преден план ги става учениците и нивното образование, следење на современите текови во образованието, создавање на училиште по мерка на детето, подобрување на квалитетот на наставата (поставување на СМАРТ табли во секоја училница) и подобрување на условите за работа. Директорот на училиштето донесува самостојно одговорни одлуки. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем при што во преден план секогаш ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Континуирано се работи на реконструкција на училишните објекти и училишните дворови (реновирање на тоалети, ходници, училници, игралишта и сл.во објектите во градот). Во тек е реконструкција на фудбалското игралиште во училишниот двор на централниот училишен објект.

ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Анкетни листови за наставници, родители, ученици • Годишна програма за работа • Развојно планирање • Чек листи од ДПИ	***Индикатор за квалитет:*** **7.2 Цели и креирање на училишната политика** Јасност и соодветност на мисијата и визијата Целите на училиштето се прецизни и јасни, претставени целосно преку мисијата и визијата на училиштето , во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите на училиштето се фокусирани кон зголемување на квалитетот на наставата, професионално усовршување на наставниците, подобрување на постигањата на учениците и унапредување на училишната клима, зголемување на степенот на соработка помеѓу наставнците, учениците и родителите. **МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО** **Современо образование за учениците од сите етнички заедници, почитувајќи ги индивидуалните потреби на учениците.** **ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО** **Инклузивно мултикултурно училиште кое ги следи модерните текови на иновативните европски проекти и достигнувања во воспитно-образовниот процес.** Училиштето на крајот на секоја втора наставна година врши/спроведува самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Училишниот одбор по предлог на директорот формирал комисија за спроведување на Самоевалуацијата составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите. Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција. Во подготвителната фаза, училиштето извршило определување на методи, техники и инструменти за прибирање и групирање на податоци и документи за вршење на самоевалуацијата. Училштето во фазата на реализација извршило анализирање на податоците и документацијата, со усогласување на добиените наоди и подготвени извештаи за самоевалуацијата и изготвен заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуацијата. Извештајот од самоевалуацијата е доставен до наставничкиот совет, советот на родителите, учениците, директорот, училишниот одбор. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страницата на општината. Нашето училиште кон исполнетост на мисијата и визијата, се стремеше на следниов начин:

	- Еднакви можности за сите вклучени чинители во училиштето; без дискриминација или фаворизирање на поединци без соодветни резултати зад себе. Цел на училиштето е да создаде институција која ќе биде препознатлива по највисоките човекови вредности: знаење, умеење, вистина, чест преку транспарентноста и одговорноста, партнерството (соработката) и толеранцијата да успее преку своите ученици да биде препознатливо место каде секој во училиштето ќе го доживува училиштето како втор дом и секој да го сака, да може преку своите успеси да го промовира своето училиште, а преку училиштето и себеси. - Толеранција е спремност да се препознаат и почитуваат верувањата и однесувањата на другите. Оваа вредност е клучна за стабилноста на односите помеѓу наставник - ученик, ученик - ученик, наставник - родител, директор - наставник - ученик - родител, стручна служба директор-наставник, стручна служба-ученик-родител. - Транспарентност и одговорност (јавност, отвореност, отчетност) подразбира јавна проверка, контрола и отвореност. Нужно е таа да биде пропратена со постоење механизми кои обезбедуваат одговорно однесување на сите учесници кои се вклучени во образовниот и воспитниот процес на училиштето. - Партиципација (учество и вклученост) на наставниците, учениците, стручната служба, директорот, родителите, Локалната самоуправа - подразбира вклученост во процесите на одлучување на сите кои имаат легитимен интерес во прашањата кои ги засегаат. -Партнерство (соработка), подразбира односи на соработка меѓу вклучените страни кои се согласуваат да ги споделуваат правата и одговорностите заради постигнување одредена цел - добри и успешни ученици - промовирано училиште. Парадигми на училиштето: - Секој ученик заслужува посебен и индивидуален приод кон него; - Зголемен степен на интерактивност во наставата. Процедури за креирање на училишната политика Училишната политика во нашето училиште е заснована на доброто, ефикасно и одговорно работење на училишното раководство. За креирање на успешната политика големо значење имаат Училишниот одбор, работата на Директорот, стручната служба и наставниците. Училишната политика во нашето училиште се креира врз основа на правилно распоредување на одговорностите, комуникација при донесување одлуки и нивно пренесување кое се извршува на состаноци на Училишниот одбор, Наставничките совети, Одделенските совети, состаноци на Советот на родители и состаноци на ученичките заедници. Во Годишната програма на училиштето јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја. Во Годишната програма е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем во рамките на која училиштето изведува бројни еколошки акции и е добитник на зелено знаме. Во преден план на нашата училишна политика е запишување на ученици со посебни образовни потреби. За да ја имплементираме оваа цел имаме постојана комуникација со Заводот за ментално здравје на деца и младинци од Скопје и со ресурсен центар „Иднина“ од Скопје. Во нашето училиште се организира активна настава – интерактивно учење, додатна и дополнителна настава , семинари за едукација на наставници за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето се организираат и голем

	број на работилници за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството меѓу учениците, намалување на семејното насилство, се врши антикорупциска едукација на учениците, голем број на работилници за недискриминација и сл. Резултати од развојно планирање Училиштето има изготвено Развојна програма за работа. Со Развојната програма се планирани целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години. Наставничкиот совет и Советот на родители дале мислења по предлогот на Развојната програма. Училишниот одбор ја усвоил Развојната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор и директорот ги зеле во предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на развојната програма. Вработените, учениците, родителите и претставниците од локалната самоуправа учествуваат во креирање на целите, мисијата, визијата, начелата и вредностите на училиштето, а училиштето ги информира со нивното остварување и дава мислење за нивно подобрување. При креирање на целите, мисијата и визијата на училиштето, секогаш во предвид се земаат мислењата на учениците и сите чинители во воспитно – образовниот процес. Навремено се изработуваат правилници, процедури и други интерни акти со кои се почитуваат законските норми и правила. Директорот редовно доставува извештај за успехот и постигањата на образовната работа, Годишна програма на училиштето, извештај за материјалното работење и други извештаи до надлежните органи : Општина Крива Паланка, МОН и БРО.

SWOT АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ (**S**TRENGTHS)	СЛАБИ СТРАНИ (**W**EAKNESSES)
○ Добра комуникација со раководниот тим. ○ Надлежностите за управување, раководење и административните задачи се дефинирани со Закон. ○ Органот за управување со училиштето и раководниот орган проблемите ги решаваат на состаноци и средби кои служат за размена на идеи и конструктивно приоѓање кон нови ситуации. ○ Динамиката на состаноците се планира согласно Законот за основно образование, Годишната програма за работа и потребите на воспитно образовниот процес. ○ Подрачните училишта во управување со училиштето се вклучуваат преку претставници на Советот на родители и претставник во Училишниот одбор. ○ Јасно поставени цели. ○ Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на учењето и подобри постигања на ученицитеУспешно справување со промените во образовниот систем. ○ Развивање на одговорност и работни навики. ○ Работна атмосфера. ○ Развивање на чувство за толеранција и меѓусебно почитување. ○ Стекнување на чувство за припадност, стекнување на навики и умеења за грижа кон животната средина. ○ Одлични услови за работа во централното и подрачните училишта	○ Поголема вклученост на родителите во процедури за креирање на училишната политика. ○ Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за едукација на наставници и стимулација на ученици што учествувале на натпревари и проекти од натпреварувачки карактер. ○ Набавка на нагледни средства за реализација на лабораториски вежби, модели, плакатни слики, шаблони и сл. ○ Организирање на обуки за работа со ученици со ПОП.
МОЖНОСТИ (**O**PPORTUNITIES)	ЗАКАНИ (**T**HREATS)
○ Поголемо учество на родителите во обезбедување на донации и спонзорства со цел да се подобрат условите за работа на училиштето. ○ Покренување на иницијативи за вклучување на родителите и	○ Субјективно наметнување и поттикнување на негативизам кај вработените. ○ Отфрлање на позитивните вредности и поттикнување на персоналнот, субјективно влијание во наставниот процес.

наставниците во креирањето на наставниот план и програма преку директна соработка со МОН и БРО.	

Јаки страни

- ✓ Добра соработка помеѓу директорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниот одбор;
- ✓ Навремено се изработуваат правилници, процедури и други интерни акти со кои се почитуваат законските норми и правила;
- ✓ Континуирана соработка со локалната самоуправа на Општина Крива Паланка, Биро за развој на образованието, МОН, Ресурсен центар "Иднина", Скопје и други институции;
- ✓ Постои соработка помеѓу : педагошко-психолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;
- ✓ Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);
- ✓ Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области;
- ✓ Продлабочување на годишните програми на наставниците во согласност со потребите на учениците;

Слаби страни

- ✓ Недоволна вклученост на родителите во училишните политики;
- ✓ Слаба соработка со Комисија при МКФ и Завод за ментално здравје;
- ✓ Слаба соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Крива Паланка.

Приоритети

- ✓ Зголемена соработка со Комисија при МКФ и Завод за ментално здравје;
- ✓ Поголема соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Крива Паланка.

Резултати:

ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

7.1.Индикатор-Управување и раководење со училиштето

7.1.Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор.



	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
РОДИТЕЛИ	68.8%	26.9	4.3%

7.1.Постои добра соработка помеѓу Училишниот одбор и раководниот кадар.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	81.8%	17%	1.2%
РОДИТЕЛИ	65.6%	32.3%	2.1%

7.1.Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.		

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
НАСТАВНИЦИ	77.3%	21.6%	1.1%
РОДИТЕЛИ	66%	30.9%	3.1%

7.2.Индикатор-Цели и креирање на училишната политика

7.2.При поставување на мисијата, визијата и вредностите на училиштето вклучени се наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.

	СЕ СОГЛАСУВАМ	ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ	НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
УЧЕНИЦИ	92.6%	5.4%	2%
РОДИТЕЛИ	64.2%	30.5%	5.3%

Резиме

Подрачје: 1. Наставни планови и програми	**1.1**	**1.2**	**1.3**			
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**			
Подрачје: 2. Постигнувања на учениците	**2.1**	**2.2**	**2.3**			
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**			
Подрачје: 3. Учење и настава	**3.1**	**3.2**	**3.3**	**3.4**	**3.5**	**3.6**
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**
Подрачје: 4. Поддршка на учениците	**4.1**	**4.2**	**4.3**	**4.4**		
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**		
Подрачје: 5. Училишна клима	**5.1**	**5.2**	**5.3**	**5.4**		
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**		
Подрачје: 6. Ресурси	**6.1**	**6.2**	**6.3**	**6.4**	**6.5**	
	Многу добар	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**	**Многу добар**	
Подрачје: 7. Управување, раководење и креирање политика	**7.1**	**7.2**				
	Многу добар	**Многу добар**				

ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

Училишната комисија во состав:

Биљана Пешовска – одд.наставник (пом. директор) _____

Христина Илиевска - предметен наставник _____

Лариса Жулина Митовски - наставник ментор _____

Марина Јакимовска Митовска – психолог _____

Наташа Милчевска – родител _____

Извештајот од извршената самоевалуацијата 2020 – 2022 ќе го достави до Училишен одбор, до Директорот на училиштето и до Основачот.

Датум: август 2022 година

ООУ „Јоаким Крчовски"-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132